# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 мај 1999 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, се надевам дека имавме доволно време да ја погледнете оваа нова, прекрасна постапка на Собранието кое што не можеше да биде резултат, освен на една прекрасна дама, главниот архитект госпоѓата Силвија Томовска, на која сакам да и изразам одделно честитки за сето она што успеавме за овој час да го погледнеме.

Дами и господа пратеници, ја отворам Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Борче Сибиновски, Васе Манчев, Илија Лазаров, Димитар Батковски, Кирил Андоновски, Љупчо Ристевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

За да можеме да констатираме и конечно да го испробаме системот за гласање, ве молам за првпат секој да притисне, во рок од 30 секунди на еден од системите за гласање, за да може системот да покаже колку пратеници се присутни во салата.

Во салата се присутни 81 пратеник.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народна банка на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет и Народниот правобранител.

Записникот од 18-та седница на Собранието, ви е доставен.

Дали има забелешки на записникот? (Нема).

Констатирам дека записникот од 18-та седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието, предлага Предлогот за донесување закон за задолжување на Република Македонија со стоков кредит кај Владата на Италијанската Република, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме за предлогот.

Од вкупно 85 пратеници, 68 пратеници гласале за, 5 пратеници гласале против и 12 пратеници се воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлагачите на Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Европската Повелба за регионални или малцински јазици, со Предлог на закон, на седницата на Законодавно - правната комисија го повлекоа предлогот за донесувањето на овој закон.

Предлогот на дневниот ред на оваа седница го дополнив со Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки на Собранието на Република Македонија за испитување јавни набавки во Министерството за внатрешни работи во периодот од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година.

Со оглед на тоа што Извештајот на Анкетната комисија се однесува само на дел од субјектите кај кои требаше да се испитаат јавните набавки, предлагам овој извештај да не се разгледува на оваа седница. Имам и причини за тоа, а тоа е да ја забрзаме работата на Комисијата, од една страна и да ги воедначиме критериумите и определувањата на политичките оценки на Собранието, кога ќе ги осознаеме и констатациите и за другите министерства.

Во таа смисла дојдов до констатацијата денес да ви предложам да го повлечеме од денешната седница овој предлог.

Ве молам да гласаме за предлогот.

Гласаа 89 пратеници, од кои за предлогот гласаа 82, против се 5 пратеници и воздржани се 2 пратеника.

Според тоа, констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за именување на членови на Посебна комисија за изготвување Предлог за именување декан на Архитектонскиот факултет во Скопје, за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје, за именување претставници на Републиката во Сенатот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола и за избор на членови на управните одбори на јавните здравствени организации: Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни не специфични и алергични заболувања - Отешево; Градската аптека "Скопје" - Скопје; Заводот за здравствена заштита - Кочани; Клиниката за максилофацијална хирургија - Скопје; Специјалната детска болница - Охрид; Медицинскиот центар Велес; Центарот за продолжително лекување и рехабилитација "Катлановска бања" - Скопје и Медицинскиот центар "Куманово" - Куманово.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Ве молам да гласаме за предлогот.

Гласале 94 пратеници, од кои за предлогот гласале 82 пратеници, воздржани се 7 пратеници, а против се 5 пратеници.

Според тоа, констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага предлогот на дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на Република Албанија, Сојузна Република Југославија, Република Грција, Република Хрватска, Република Словенија, Република Полска, Руската Федерација, Република Турција, Република Италија, Република Франција, Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска, Република Ирска, Сојузна Република Германија, Кралството Норвешка, Република Финска, Кралството Шведска, Кралството Данска и Република Исланд, Република Монголија и Република Кина, за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент и за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борка Талевски" - Прилеп.

Молам да гласаме за предлогот.

Од 89 пратеници, за предлогот гласале 82 пратеници, воздржани се 4 пратеници и 3 пратеници се против.

Според тоа, констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата го повлече Предлогот за именување на Републички советник на Собранието на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување на заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Молам да гласаме за предлогот.

Од 77 пратеници кои гласале, 71 пратеник се за, 1 пратеник е воздржан и 5 пратеници се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународното здружение за развој од Договорот за проектот за ургентен увоз.

Предлогот на овој закон ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, еве јас прв имам чест на сите вас да ви го честитам ова прекрасно здание, во кое ќе се одржуваат седниците на Парламентот на Република Македонија.

Пред ва е доставен еден закон за кој сигурно ќе си поставите прашање зошто во овие моменти Македонија уште еднаш треба да се задолжува.

Морам да ве потсетам дека на почетокот на оваа година при донесувањето на Макроекономската политика за 1999 година и Монетарно - кредитната политика за 1999 година, заедно со Буџетот за 1999 година, проектиравме раст од 6,5%, проектиравме избалансиран платен биланс на земјата, проектиравме избалансиран Буџет на Република Македонија за 1999 година.

Меѓутоа, косовската криза го направи своето. Косовската криза има големо влијание врз економијата на Македонија, така да таа има директно влијание не само врз штетите на Македонија, туку има директно влијание и врз платниот биланс на земјата и врз Буџетот на Република Македонија за 1999 година и врз растот на економијата за 1999 година. Ние правевме некои проекции заедно со ММФ и Светска банка, планиравме место раст од 6,5%, оваа година да се оствари пад на општествениот производ за 4%.

Исто така заради косовската криза планиравме место избалансиран платен биланс, кој го имавме на почетокот на оваа година без косовската криза, сега да имаме дефицит во платниот биланс од 440 милиони долари. Исто така имавме испланиран Буџет на државата со 0,1% ЦДП, односно 10 милиони марки дефицит. Сега тој дефицит е над 190 милиони долари. Така да косовската криза го наметна прашањето за помош на Македонија за да излезе од таа криза која ја наметна косовската војна.

Од тие причини ние организиравме една донаторска конференција. На таа донаторска конференција, заедно со Светската банка, во една голема соработка, ние добивме средства за покривање на тој дефицит на платниот биланс и дефицитот на Буџетот за 1999 година. Во рамките на таа помош е и кредитот од Светска банка во износ од 50 милиони долари од ИДА услови, а тоа значи грејс период од 15 години, односно 10 години и 35 години рок на враќање, односно 45 години, без каматна стапка.

По тој повод Светската банка брзо реагираше и таа донесе одлука на бордот на Светската банка да и се додели на Македонија, заради тие вонредни околности, овој кредит кој се дава само во услови кога земјата се наоѓа во една посебно тешка положба, кризни состојби или полу воени состојби.

Затоа, бидејќи тие средства се многу итни, бидејќи тој кредит ни е неопходно потребен, тоа е и најголемата помош досега добиена од

страна на меѓународните институции и воопшто од светот, ние заради тоа бараме овој Закон за задолжување на Република Македонија, да се донесе по скратена постапка, затоа што и средствата веќе почнаа да доаѓаат, а остатокот на средствата може да дојде, ако донесеме Закон за задолжување на Републиката кај Светската банка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојменов.

Молам да гласаме по предлогот на Владата.

Од вкупно 93 пратеници, за предлогот гласаа 66 пратеници, 19 се воздржани и против се 8 пратеници.

Според тоа, констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за разрешување на членови на Владата на Република Македонија;

2. Предлог за избор на членови на Владата на Република Македонија;

3. Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за Проектот за ургентен увоз;

4. Предлог за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија со стоков кредит кај Владата на Италијанската Република, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривични предмети со Додатен протокол, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската Конвенција за екстрадиција со Додатен протокол и Втор додатен протокол, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската Конвенција за трансфер на осудени лица, со Дополнителен протокол, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за ратификација на Меѓународната конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Казнената конвенција за корупција, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот за заштита на Африканско - Евроазиските миграторни видови водни птици, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за поврзување на железничките мрежи на двете држави, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Шпанија, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Шпанија, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на Закон за престанок на важењето на Законот за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик;

17. Предлог за донесување на Закон за обезбедување на лица и имоти;

18. Предлог за донесување на Закон за детективската дејност;

19. Предлог за донесување на Закон за службените печати во Република Македонија;

20. Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1998 година;

21. Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1999 година;

22. Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 1999 година;

23. Барање за давање на автентично толкување на член 6 став 1 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, поднесено од АД "Југо - тутун" - Нада Бутникошарева од Велес;

24. Барање за давање на автентично толкување на член 121 и 130 став 1 точка 3 од Законот за работни односи,

поднесено од ПОС "Младост" од Демир Хисар;

25. Предлог за избор на судија на Апелациониот суд во Битола;

26. Предлог за избор на судии на Основниот суд во Гевгелија;

27. Предлог за избор на судија на Основниот суд во Гостивар;

28. Предлог за избор на судија во Основниот суд во Прилеп;

29. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Македонија;

30. Предлог на Одлука за огласување избор на судии на Основниот суд Скопје II - Скопје и на Основниот суд во Битола;

31. Предлог на Одлука за именување заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија;

32. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом" - Радовиш;

33. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Клиниката за хируршки болести "Св. Наум Охридски" - Скопје;

34. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом" - Виница;

35. Предлог на Одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола;

36. Предлог на Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Републичкиот судски совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;

37. Предлог на Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за одбележување на Педесет годишнината од основањето на Советот на Европа;

38. Предлог на Одлука за разрешување од функцијата главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија;

39. Предлог на Одлука за именување на членови на Посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Архитектонскиот факултет во Скопје;

40. Предлог на Одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје;

41. Предлог на Одлука за именување претставници на Републиката во Сенатот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола;

42. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, не специфични и алергични заболувања - Отешево;

43. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека "Скопје" - Скопје;

44. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Кочани;

45. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клиника за максилофацијална хирургија - Скопје;

46. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална детска болница - Охрид;

47. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Велес;

48. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Центар за продолжително лекување и рехабилитација "Катлановска бања" - Скопје;

49. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Куманово" - Куманово;

50. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борка Талески" - Прилеп;

51. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија;

52. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија;

53. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Југославија;

54. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието

на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Грција;

55. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска;

56. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија;

57. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска;

58. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Руската Федерација;

59. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција;

60. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Италија;

61. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција;

62. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска;

63. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Ирска;

64. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија;

65. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Норвешка, Република Финска, Кралството Шведска, Кралството Данска и Република Исланд;

66. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Монголија;

67. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Кина;

68. Предлог на Одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент;

69. Извештај за работата на Народниот правобранител за 1998 година;

Точката седумдесет ја симнавме од дневниот ред.

Според тоа, за денешнава седница имаме 69 точки.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

За збор се јави г-динот пратеник Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, барам да се симне од дневниот ред точката 49, бидејќи тука станува збор за Управниот одбор на Медицинскиот центар - Куманово, каде нема ниту еден член од албанската националност.

Не знам од каде произлегува оваа констатација, како образложение, да нема ниту еден член од албанската националност во Медицинскиот центар - Куманово, кога знаме дека и интересот на Албанците тука во овој орган е да имаат свој претставник. Досега беше пракса и мислам дека таа пракса не треба да се отфрли без образложение.

Затоа, барам да се врати повторно како точка на разгледување во Комисијата за прашањата на изборите и именувањата. Дали е направена некоја грешка со некоја намера или за нешто друго станува збор.

Затоа барам да се одложи оваа точка.

Уште еднаш повторувам дека интересот е во Медицинскиот центар во Куманово да има и Албанец во Управниот одбор. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Хисни Шакири.

Дали смета претседателот на Комисијата за избори и именувања да даде свој коментар по ова барање да се симне од дневен ред точката?

Има збор г. Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, дами и господа пратеници, јас како претседател на Комисијата за избори и именувања ја прифаќам сугестијата на

пратеникот Хисни Шакири и предлагам да го повлечеме.

Се повлекува предлогот на Комисијата за надворешни членови на Медицинскиот центар - Куманово.

На наредната седница ќе кооптираме еден член од ДПА.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Комисијата за избори и именувања.

Значи, таа точка ја повлекуваме од дневниот ред, а ќе ја разгледаме на некоја од наредните седници.

Дали има уште некој во врска со дневниот ред? (Никој).

Според тоа, ве молам да гласаме по предложениот дневен ред.

Имаме 15 секунди време.

Гласале 90 пратеници, од нив за предложениот дневен ред гласале 80 пратеници, воздржани се 4 пратеници, а против се 6 пратеници.

Според тоа, констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Почитувани пратеници, сакам да ве замолам за една работа.

Денеска требаше да се одржи 19-тата седница на Собранието на Република Македонија, што исклучиво требаше да биде посветена на точката од дневен ред пратенички прашања.

Но, по молба на премиерот, со оглед на неговите обврски и на дел од членовите на Владата, во текот на утрешниот ден тие нема да бидат во Републиката, тие ме замолија денеска исклучително да поминеме од дневниот ред 3 точки што се најитни, тоа е Предлогот за разрешување, Предлогот за именување, за избор на нови членови на Владата и Законот што е по итна постапка.

Потоа да ја прекинеме 20-тата седница, да продолжиме со неа утре.

Бидејќи Владата ни е во комплетен состав тука, да поминеме на онаа седница што е по ред, 19-тата, и да одиме на пратенички прашања.

Мислам дека ќе имате разбирање за тоа и денеска да поминеме само три точки од 20-тата седница што мислам дека релативно побрзо ќе ги поминеме, за да имаме време остатокот на денот да го посветиме на пратеничките прашања, бидејќи членовите на Владата конечно не удостоија и денеска се скоро во целосен состав присутни на денешнава седница.

Според тоа, минуваме на точката еден - Предлог за разрешување на членовите на Владата на Република Македонија.

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор.

Збор побара г. Љубчо Георгиевски, претседател на Владата на Република Македонија.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дозволете ми најпрво да го честитам отворањето на овој реконструиран дом на граѓаните на Република Македонија, новиот Македонски Парламент и да кажам дека, навистина, оваа сала делува импресивно и верувам дека ќе придонесе за уште поголем елан и поголема работа на нашите парламентарци.

Верувам дека ќе биде сведок на нови успеси и резултати и на овој Парламент, меѓутоа и на идните парламенти што ќе доаѓаат после нас.

Морам да кажам дека она за што земав збор е веќе доволно добро познато во јавноста. Се работи за предлог на една реконструкција, јас 6и ја крстил мала реконструкција на Владата на Република Македонија. Таа реконструкција во себе содржи четири места што ќе бидат реконструирани, при што јас веднаш би поминал на предлогот.

Предлагам да бидат разрешени следните членови на Владата: тоа е г. Жанко Чадо, министер за стопанство; г. Владимир Џабирски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство; д-р. Стојан Богданов, министер за здравство и м-р Ѓорѓи Наумов, министер без ресор.

Причините за овој предлог за разрешување се прво, во две оставки што ги добивме, една од министерот за стопанство, една од министерот за здравство и јас не би навлегувал премногу во причините и мотивите. Тие беа кажани пред јавноста во нашата држава за давањето на нивните оставки, а плус на овие две оставки се надоврзува и разрешувањето на м-р Ѓорѓи Наумов што е во функција на прифаќање на нов коалиционен партнер во Владата на Република Македонија.

Имено, од денеска ние го добиваме и четвртиот коалиционен партнер, тоа е ЛДП и исто така на министерот Владимир Џабирски.

Во таа насока јас ќе предложам веднаш нови личности, кои треба да ги заземат тие министерски места.

Од листата на ДА тоа е г. Михајло Толевски, кој ќе ја врши функцијата нов министер за стопанство. Од листата на ВМРО-ДПМНЕ г. Марјан Ѓорчев, кој ќе биде нов министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и нов министер за здравство ќе биде г. Драган Даниловски, кој досега е на функција потсекретар во истото Министерство.

Од листата на ЛДП ни е предложен кандидатот Радован Стојковски, кој ќе ја извршува понатаму функцијата, министер без ресор.

Еве, тоа е предлогот на реконструкцијата која ја нудам денеска во Парламентот.

Таа не е предизвикана од некои политички причини, или од некое незадоволство од досегашната работа на овие министри. Се работи за дел од објективни причини и дел од проширувањето и функционирањето на Владата на Република Македонија.

Тоа е моето кратко образлагање и мислам дека ќе биде прифатено од страна на Парламентот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Владата на Република Македонија г-динот Љубчо Георгиевски за дадените дополнителни информации.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање Ве известувам дека разрешувањето на членови на Владата се врши со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Ние имаме овде систем на јавно и тајно гласање.

Јас би предложил да биде со јавно гласање, затоа што тој систем може не со кревање рака, тој систем може да се провери. По ова прашање да се провери и после тоа компјутерски да се добие кој, како гласал.

Можеме и со тајно гласање да одлучиме, но јас би предложил со јавно гласање.

Дали некој бара збор?

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Сигурно нешто не е во ред со техниката, бидејќи се пријавив на време, а тука или не покажува сигнал или нешто друго е во прашање.

Малку необично што за оваа многу важна точка од дневниот ред не сака никој да дискутира. Не знам зошто е тоа така? Јас и кога се формира ова Влада настапив критички по одделни прашања, иако некои мислеа дека настапив тогаш критизерски и тогаш во фокусот на моето третирање на ова важно прашање беше освен легитимитетот на Владата во еден сегмент, односно еден учесник на таа коалиција, беше во прашање и професионалниот сегмент.

Но, сега и тие што тогаш мислеа дека настапив критизерски убедени се дека тогаш сум бил во право и верувајте дека воопшто не сум среќен поради тоа што сум бил во право. Напротив подобро ќе беше воопшто да не бев во право. Јас нема да навлегувам во причините зошто се прави оваа реконструкција, колку е тоа оправдано и што е целта на оваа реконструкција, тоа нека остане во доменот на секого од нас.

Меѓутоа, имам морална обврска да се произнесам околу некои прашања кои јас сметам дека се многу важни. Внимавајќи до крај да биде објективно, односно имајќи посебна почит пред јавноста односно јавно искажаниот збор, морам да се произнесам околу некои прашања, за кои мислам дека, барем јас сум убеден дека сум во право.

Во однос на тоа колку сегашната Влада ветуваше и за време на изборите и колку е остварено, мислам дека се работи за една колизија и тоа длабока колизија, помеѓу тоа што беше ветено и тоа што е направено и тоа во повеќе сегменти од општествениот живот, поаѓајќи од економскиот, социјалниот, културниот, етничкиот, демографскиот сегмент, а и моралниот сегмент ако сакате. И овие се факти. Веројатно секој има право од гласачите, од граѓаните да се прашува, каде се тие промени кои оправдано граѓаните ги очекуваат тие промени, каде е таа благосостојба, односно минимална благосостојба која им беше ветена на граѓаните и граѓаните имаат сосема право и каде е тоа минимално човечко достоинство исто така оправдано очекувано од граѓаните.

Над се мислам дека посебно треба да се потенцира прашањето кое изгледа актуелно, веројатно и идните денови ќе биде актуелно, тоа е прашањето со бегалците. И тука мислам дека паднавме на меѓународен испит, така што нашиот меѓународно правен авторитет и углед претрпе ерозија. И мислам дека, за тоа се свесни не само структурите кои сакаат тоа прашање, трагично прашање, или трагична ситуација да ја експлоатираат, заради профитирање на политички поени, туку сите добронамерни, па дури и опозиционата структура. Посебно економската состојба и социјалната се настојува да се оправдува со политичката состојба и со севкупната состојба со протераните од Косово. И мислам дека тоа нема оправдување. Се наведуваат цифри колку нашето стопанство има загуби од таквите состојба, а не се наведуваат цифри колку е профитирано од тоа, колку долгови се испишани за нашата држава, колку нови кредити и помош е постигната од тој аспект и колку инфраструктурни објекти се изградени поради постојната состојба во однос на бегалците. Дури некои јас би кажал дека се во право ако кажуваат дека состојбата во некоја мерка се комерцијализира. Мислам оправдувањето дека состојбата во однос на северниот сосед направила да имаме таква ситуација која ја имаме, секој што резонира стандардно веројатно има право да се запрашува дали е Србија единствена земја во светот со која Република Македонија треба да соработува, помеѓу 100 и повеќе од 80 членки на Меѓународната заедница. Дали само Србија е таа држава со која Македонија треба економски и трговски да соработува и да се стави економијата во таква зависност.

Сега се зборува за реконструкција на Владата, делумна реконструкција и секако се

поставува прашањето, дали тоа се прави поради јавноста, поради состојбите да се амортизираат делумно тие состојби или пак поради резултатите во одделни министерства.

Ако се врши ова реконструкција на Владата условно кажано поради наводно резултатите искажани добри, или лоши од одделни министри, веднаш се поставува другото хипотетично прашање, дали министрите кои остануваат заслужуваат да останат, затоа што покажале подобри резултати. Но, без оглед на тоа јас сметам дека не би требало да се прикаже тесноградност во однос на ова прашаше, туку што е мошно повеќе конструктивно да се помогне.

Меѓутоа за да се бара помош и од опозицијата, првенствено Владата треба да си помогне себеси, односно позицијата треба да си помогне себеси, за да има морално право да бара помош и ние да нудиме помош толку колку што можеме да нудиме помош, се разбира со диференцијација партиска на способните кадри, бидејќи не може да се оди напред и тоа веќе се докажува од резултатите, со незамислива цензура, исто така не може да се оди напред, дури се оди долгорочно во самоуништување, но откако позицијата би требало, односно ако има политичка волја да расчисти со овие две круцијални прашања според мене, тогаш се има морално право да бара помош, а и ние веројатно широко градно таа помош ќе ја нудиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, господа министри, пратеничката група на СДСМ го дефинира својот однос кон актуелната Влада, уште во моментот на нејзиниот избор во декември 1998 година.

Реконструкцијата која е сега понудена за пратеничката група на СДСМ не нуди ништо ново и само ја потврдува, па дури можеме да кажеме дека и ја продлабочува кадровската, идејната и политичката криза, во која се наоѓа актуелната Влада. Цениме дека оставките кои се поднесени и за кои чувме образложение од г-динот премиер, не се од таков карактер кој беше изнесен во јавноста, туку напротив дека тие се должат на неможноста одредени министри да се справат со проблемите во секторите, или ресорите за кои беа именувани да раководат. Причините имено за кои поднесуваат оставка важеа и во моментот на нивниот избор.

Цениме дека оставките наспроти тоа, се пред се резултат на скандали, на финансиски афери, на не согласувања помеѓу министрите и борба за поголема распределба на овластувањата во рамки на Владата и обиди за инволвирање на приватните економски активности на одредени министри и приватните бизниси во министерските функции. Владата, премиерот на Владата доколку претендираат да бидат демократски, да бидат искрени и отворени кон јавноста, мора да ги образложат вистинските причини за оставките на одредени министри. На пример, мора да се образложат загатнатите во јавноста афери помеѓу "Алмако банка“, одредени јавни претпријатија, Владата и Министерството кое го раководеше. Мора да се образложи досегашната политика во земјоделието, мора да се образложи резултатот од акцијата за откупот на тутунот, мора да се образложат потезите во откупот на јагнињата, претстојниот откуп на рано градинарски производи и сето она што следува во доменот на земјоделието. На крајот на краиштата мора да се образложи зошто еден министер, кој само пред неколку месеци предвиде дека ќе остане на власт во наредните 100 години, не успеа да опстане ниту еден ден повеќе од 6 месеци.

Вклучувањето на нова партија во коалицијата за Социјалдемократскиот сојуз не е многу битна, со оглед на бројот на Пратениците и поддршката која ја има оваа партија во Собранието и со оглед на постојната поддршка која веќе ја има актуелната Влада. Но, тоа вклучување говори за нивната сопствена политичка криза во која се најдоа, но и за кризата на досегашните три коалициони партнери и партии во Владата, на кои за својата погрешна политичка платформа и својата погрешна политика во изминатите 6 месеци, очигледно дека им станува неопходна се поголема политичка поддршка, која се разбира нема во основа да ги реши проблемите во кои таа западна. Со тоа ново вклучената партија за пратеничката група на СДСМ во иднина ја споделува одговорноста за работата и за потезите на Владата, но исто така ја презема целокупната одговорност и за сите досегашни контраверзни и лоши потези на Владата на Република Македонија.

Пратеничката група на СДСМ нема да го подржи ниту изборот на новите предложени министри во реконструкцијата, но едновремено ќе побара од еден од ново назначените предложени ново назначени министри, да се надмине себеси и доколку биде избран на денешната седница да поднесе веднаш оставка на досегашните функции, кои ги обавува на пример во Агенцијата за приватизацијата и на градоначалничката функција на Кисела Вода, за што требаше одамна да го направи по својот избор на претходната функција.

Но, исто така бараме и Владата исто така да се надмине себеси да ги напушти своите партиски интереси и веднаш да констатира дека функцијата на г -динот Ѓорчев како градоначалник на пример на Кисела Вода престанала, за да можат да се спроведат демократски избори во оваа општина.

Пратеничката група на СДСМ, од овие причини нема да ја подржи реконструкцијата на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, реконструкциите се нормална појава во сите парламентарни демократии, така што нормално е што се среќаваме и во овој нов наш состав и во оваа нова сала со едно важно прашање би рекла, меѓутоа самото тоа што уште при приемот на Владата премиерот на нашата Влада најави дека тие ќе бидат чести и дека ќе бара одговорност и од сопственото членство, како и од сите оние кои што учествуваат во Владата, еве веќе го потврдува со пример.

Многу ми е драго што просторот за шпекулативен простор и за помпезни најави на реконструкции како што тоа го вршеше поранешната Влада на СДСМ е сведен на минимум, односно времето на нејавената реконструкција и на нејзиното извршување е кратко и би рекла во овој случај е ефикасно завршен. Се надевам дека личностите кои што се понудени бидејќи има промени во сопствените редови со кои што премиерот најавува дека успешно може да се справи со сите оние што ќе одговорат, или нема да одговорат на дадените задачи пред се со луѓето од сопствената партија, а потоа и со другите коалициони партнери, зборува за еден транспарентен и нов пристап на работа на една Влада, која што во рамките на дозволените можности се разбира нуди просперитет и нуди се она што може да ја избави Република Македонија, прво од тешката економска состојба во која што таа сега се наоѓа, меѓутоа и од се она што го нуди една хумана димензија, бидејќи апсолутно јас и голем број на сите државници кои што ја посетуваат Република Македонија наведуваат дека, Република Македонија го положи големиот испит на хуманоста со се она што го направи на планот на прием на бегалците, на планот на нејзините економски капацитети кои што таа може да ги прифати и на планот на нормално одвивање на животот на популацијата која што живее во Република Македонија. Вклучувањето на еден нов коалиционен партнер Либерално - демократската партија, чиј што статус досега барем за мене беше не дефиниран е нов квалитет, меѓутоа значи и една поддршка на постоечката коалиција, која што веќе е воспоставена на постоечката Влада и на премиерот, бидејќи тоа подразбира дека таа е задоволна од резултатите кои што оваа Влада ги нуди и сака со своето присуство видно да го подобри квалитетот и резултатите кои што натаму ќе и следат.

Ќе гласам за реконструкцијата, драго ми е што таа се прави вака транспарентно, што се прави без можност за шпекулации и се надевам дека ќе покаже уште подобри резултати од постоечките.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, г-дине претседател на Владата, членови на Кабинетот, дами и господа пратеници, понудената реконструкција на владиниот Кабинет за мене е од доменот на сопственото наоѓање на самиот претседател на Владата.

И во таа насока јас не гледам тука ништо спорно.

На досегашните министри сакам да им се заблагодарам на соработката.

Воедно да посакам на тие што ќе останат и тие што ќе бидат идни министри да соработуваме плодно, но истото да важи за секој поединец член на овој дом.

Инаку, промени, беше спомнато, беа на дневниот ред во работењето на оваа Влада и според некакви наводи не биле видени. Јас само можам да Ве потсетам дека пред милениуми нашиот господ Исус Христос одел по земјата. Три години дејствувал активно во заедницата, но мнозина ниту чуле ниту виделе. За овие шест месеци реалноста во Република Македонија е драстично изменета. За овие шест месеци не може да се зборува за светост на Владата, но да се зборува за силни маки може секако. Да и се оддаде признание исто така. Ние можеме да претресеме секакви ситуации поединечно, но тоа што нашата држава при еден Буџет нешто над половина милијарда евра, се справува со вакви тешкотии кои се производ од кризата северно од нас и каде што се здомија или транзитираа до триста илјади души, тоа заслужува секаков респект.

Морам да Ве потсетам уште на една околност. Има држави чиј буџет е стотина милијарди евра годишно. Тие немаат готовност или некако се стегаат и за пет илјади бегалци да овозможат прифат. Но, сепак ние чекориме и мислам дека во тоа ќе успееме. Меѓународната поддршка на тој план, во овој период, беше есенцијална. Не е спорно дека таа нам ни овозможи проблемите на некој начин да бидат надминати или барем ублажени. Но исто така треба да ни биде јасно дека здомувањето тука, било по камповите или куќите, е под достоинството на Европеецот. И решенија мора да се бараат и понатаму.

Уште една работа или уште еден аспект сакам да кажам. Во врска со уставната положба на Владата, тоа што го изнесов чинам при гласањето за промена на Законот за органите на управата, премногу круто се однесува законодавниот дом кон положбата на Владата. Тоа што во минатото не се имаше разбирање за тоа да кажеме 1991 година и се донесе такво решение каде што за секој претседател на Влада е фиксирано со кој кабинет ќе мора да настапи, тоа е контрапродуктивно. Тоа беше едно решение и интервално, а исто така и нагодбено за никој да не се чувствува доволно моќен, но за жал и ефикасен. Оттука, сега јас само ќе го обновам

моето барање час поскоро како Парламент да поведеме иницијатива за измена на Уставот во тој дел, за претседател на Владата да може по свој наод да обликува кабинет, да нема веќе такви рестрикции. Нагласувам, битна е и ефикасноста на структурите во државата.

Во однос на гласањето не само што ќе гласам за реконструкцијата, јас сакам и да потсетам дека ние гласаме во овој случај само јавно. Имено, во Уставот е набележано дека за Владата се гласа јавно, да се види кој тоа дава поддршка и тука нема теореми и при реконструкција, мислам дека не би требало да одиме во насока да може да се отвори дебата ќе гласаме затворено или не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Јордан Бошков.

Збор има г - динот пратеник Љупчо Анушев, а да се подготви наредниот дискутант г - динот Насер Зибери, и има уште еден пријавен пратеник за дискусија г – динот Оломан Сулејмани после него.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Почитуван претседател, претставници на Владата, господине премиер, навикнати сме опозицијата да го користи секој момент за маркетинг, како да заборавиле дека народот не заборава. Ова е очекувано.

Ние престанавме да Ве обвинуваме за вашите финансиски скандали и афери, Вие упорно се повикувате на тоа, меѓутоа мислам дека ние сме виновни за тоа. Се уште не сме Ви ги разоткриле, се уште виновниците седат и тука во овие редови и надвор и имате право да зборувате.

Сакам уште нешто да кажам. Многупати од оваа говорница се спомнувани стопанствениците и македонското стопанство, дека е врзано за стопанството на Србија, особено од колегите од албанскиот блок. Меѓутоа, јас ќе ги потсетам на една работа која и ние сите треба да ја прифатиме.

Македонското стопанство ги изгуби пазарите во Источна Европа, во Руската Федерација, во поранешна СФРЈ, а свесни сме на кој степен е технологијата на македонското стопанство и со таа технологија каде може да конкурира во земјите на Европската Унија, Канада, Америка и т.н.

Значи, мислам дека треба да бидеме реални, да престанеме да ги обвинуваме стопанствениците и да се свртиме на оној циклус, кој се надеваме дека ќе дојде кој го очекуваме, за кој што работиме сите, да направиме промени во стопанството, за да можеме да бидеме конкурентни на пазарот.

Вакви обвинувања и вакви политички маркетинзи не ни се потребни, затоа што прават проблеми и во стопанството и меѓу народот, создаваат погрешна слика и јас се надевам дека опозицијата, бидејќи вети дека ќе биде конструктивна, понатаму нема да се служи со вакви политички маркетинзи да не обвинува за финансиски скандали, затоа што ние добро знаеме како ја водеа земјата. Во овој момент ние навистина имаме блокада. Поранешната блокада во времето кога тие ја водеа Република Македонија, тоа не беше блокада, во тоа време се слеваа пари во Република Македонија, кои по разни канали одеа во приватни џебови. Тоа е толку јасно, само не ми е јасно зошто сегашната Влада, веројатно заради проблемот со бегалците, не опстои на зборот дека ќе ги расчисти тие скандали.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г - динот пратеник Анушев Љупчо.

Има збор г - донот Насер Зибери.

Повелете, како сакате, имате можност да го водите од место или да излезете на говорница.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници, се надевам дека нема да бидам обвинет за водење на некаква кампања против Владата и правење на некаков маркетинг. Должност ми е како пратеник и како координатор на пратеничката група да ги изнесам нашите ставови во однос на точката на дневен ред - разрешување и избор на нови членови на Владата, или попозната во политичкиот жаргон, како реконструкција на Владата.

Реконструкцијата е логичен расплет на проблемите во секоја земја, па и во нашата, кога извршната власт односно кабинетот се соочува со проблеми во своето функционирање, а дотолку повеќе кога има проблеми во функционирањето воопшто во државата, да се поставува прашањето за кадровски промени кои секогаш, тој што е должен да ги прави, се надева дека ќе бидат позитивни и ќе придонесат за подобрување на состојбите во земјата и по ефикасно функционирање на државата.

Денешната реконструкција на Владата, која патем беше најавена како мала и која како таква денес ја имаме, сметам дека е само еден козметички чин за надминување на досегашните состојби и внесување на колку - толку, мала надеж кај граѓаните дека нешто во Владата се прави за да се подобри состојбата.

Ќе беше логично доколку реконструкцијата имаше далеку повеќе зафат, кој ќе беше соодветен на состојбите кој ги имаме во државата и на начинот на кој функционира Владата. Безбројни се ресорите, можеби без исклучок, каде што има такви проблеми и ќе се обидам по области да ги лоцирам во политичкиот, стопанскиот, социјалниот и другите области односно сфери.

Како што знаете, поминуваат и вторите 100 дена откако беше избрана оваа Влада, но никако конечно ова Собрание како орган кој ги изгласува актите и законито кои ги предлага

Владата да почне да ја одигрува својата улога. Вие знаете дека нашите седници се претворени во состаноци, на кои само се крева рака за да се избере или разреши некое лице од некоја функција и за усвојување на закони со кои се ратификуваат договори, кои некоја друга Влада претходно ги има донесено. Отприлика тоа е и денешниот дневен ред со околу 60-тина точки на дневниот ред, со исклучок на 2-3 точки. Значи комплетно е тоа и ништо друго. Не случајно забелешките од повеќе политички партии, но и од луѓе кои непристрасно ги следат настаните во Република Македонија, се поставува прашањето кога конечно Владата ќе почне да работи и кога конечно ова Собрание ќе ја игра улогата поставена согласно Уставот. Но, тоа е тоа.

Како резултат на тоа, не случајно и денес после 6 месеци скоро за прв пат ќе ни се укаже можност да им се обратиме на членовите на Владата со пратенички прашања, што навистина со никакви образложенија не може да се одбрани отсуството на овој контролен механизам, кој секоја политичка партија, се разбира, претставена во Собранието, согласно Уставот го има гарантирано. Во областа на надворешната политика оваа Влада можеби се наоѓа во реално не добра ситуација, односно неполезна со случувањата на Косово и СРЈ, но во секој случај и заради внатрешните проблеми, кои се предизвикани од овие прашања, наместо да изгради конзистентна надворешна политика со јасни и со консензус прифатени принципи кон Европската Унија, НАТО и останатите евро атлантски интеграциони процеси, Владата водеше политика на топло - ладно, односно зависно од моментот така и се поставуваше, час да ги критикува, час да ги поддржува или час да нема коментар за прашањата.

Оттука, и не случајни се повеќето забелешки кои се добиваат од тие асоцијации, како резултат на не соодветната соработка или неоправдано критичните тонови, упатени кон овие асоцијации од страна на Владата на Република Македонија. Сметам дека со извесни исклучоци на подобрување на соработката со Република Грција и Република Бугарија, со останатите земји но, и со меѓународните интеграциони асоцијации, Република Македонија наместо да оди напред оди назад. Помпезно најавените можности за вклучување на Република Македонија во НАТО, во асоцијативното членство при Европската Унија и т.н., како бумеранг ни се враќа и веднаш не фаќа апатија зашто многу брзо се освестуваме дека такви скокови кенгурски практично во политиката не се возможни, дотолку помалку, без создавање реални услови за прилагодување на нашите прилики кон овие европски и евро атлантски структури.

Во областа на внатрешната политика Република Македонија и покрај многу најавената и многу апсорбираната и експлоатирана теза за подобрување на меѓунационалните односи, со актот на ослободување од натамошно издржување на казна затвор на двајцата градоначалници на Тетово и Гостивар, всушност, не се направи ниту еден чекор понатаму.

Во областа на законодавството, прашањата или се уназадуваат, како што е примерот на првиот акт поднесен од оваа Влада во областа што ја регулира позицијата на албанскиот јазик, односно јазиците на националностите, како и како последица на покренување иницијатива за укинување на повеќе закони пред Уставниот суд, во областа на правосудството, јазикот, локалната самоуправа и други прашања.

Затоа, сметам дека конечно, особено третиот партнер во коалиционата Влада, треба многу внимателно да се изјаснува при политиката внатре и надвор од Република Македонија, како да божем во земјава настануваат подобри времиња, со што се одзема и основното кредо на Албанците дека, покрај целата ситуација на Балканот, сепак и во Македонија не цутат ружи.

Прашањето на бегалците и нивниот третман и однос на Владата на Република Македонија е посебно прашање. Не ретко ние како политичка партија сме ги истакнувале нашите забелешки во однос на прифатот. Честото затворање практично, а формално не на границата, доведе до поголеми жртви дури и на видни членови на политичката сцена на Косово, кака што беше професорот Агани. Нивниот третман внатре со несоздавање соодветни услови за нивен третман, несоодветната кооперација и соработка со меѓународните асоцијации, ја создаде нивната голгота во Косово, сега да се пренесе на еден друг терен, а притоа без да создадеме соодветни услови со тоа прашање да се справуваме како што треба.

Толку најавената иницијатива, односно став на претседателот на Собранието дека, на пратениците ќе им се чува достоинството и ќе го обезбеди присуството на Владата и на министрите при работата на Собранието и собраниските тела, изостана во целиот период. Имавме прилика последниве денови при ретката работа на тие тела и на Собранието да нема ни претставник ни на ниво на повереници, да ги бранат своите акти предложени пред ова Собрание, па дури и да се одлагаат прашања, а ниту еднаш немавме таква чест на било која комисија да присуствува одреден член на Владата, па ни на собраниските расправи.

Во областа на стопанството, иако во овој прилично краток период Република Македонија се соочува со огромни проблеми, падот на производство во првите три, односно вторите пет месеци, првите пет месеци од годинава, е над сите очекувања. Дури и најпесимистичките варијанти кои ја имаа предвид воената разврска на проблемите на Косово, не можеа да предвидат ваков пад на производството. Повеќето од фирмите се во блокада и многу претпријатија сега не се во состојба да ги подмируваат основните

обврски кон вработените, а да не зборуваме и за профит.

Многу претпријатија се ставени пред испитот на ставање на клуч на фабриките, а дополнителните бариери што ги создава Владата со поставување увозни царински пречки ја отежнува и онака тешката ситуација, за што добивме сериозни забелешки од страна на Европската комисија и Европската Унија, зашто системот го правиме некомпатибилен со овие асоцијации. И не е само тоа. Во оваа област изостана одот на реформите, за што при соработката со ММФ и Светската бамка ние се враќаме чекор назад на стенд бај аранжмани, кои им се јасни на сите што се занимавале со овие прашања, јасно им е што значи тоа: откажување од одот на реформите и прифаќање на кредити и финансиски аранжмани, кои не се условени со вакви зафати.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (Продолжение)

Во областа на социјалата и понатаму се зголемува бројот на невработените лица. Се укина Законот за зголемување на вработувањата, а беше најавен нов проект, кој до ден денес изостана. Уште тогаш потсетувавме, без вакви олеснувања, директни или индиректни и онака најгорливиот проблем во областа на стопанството, прашањето на вработувањето и невработеноста, ќе биде најгорчлив проблем со кој оваа Влада ќе се соочува.

Затоа, сметам дека треба Владата под итно да преземе такви мерки, во оваа област да понуди решенија, кои ако не слични на претходните, барем такви кои ќе одат во прилог на стопирање на понатамошниот раст на невработеноста во Република Македонија. Бројот на социјално загрозените лица исто така се зголемува.

Од друга страна, социјалните трансфери исплатата на платните и другите материјални права, согласно законските одредби, со 2, 3, 4 дури и 6 месеци задоцнува. Заостанува реформата во пензискиот систем, заостанува заокружувањето на реформата на пазарот на трудот и вработувањето и други многу отпочнати проекти.

И конечно, пред крајот, конечно за составот на лицата кои им ги предлага премиерот. Би је илустрирал оваа реконструкција со старата поговорка "тресла се гора, родио се миш". Надвор од сите очекувања овој зафат остана само на четворица, односно двајца, бидејќи двајца од членовите на Владата си поднесоа оставка. И наместо поквалитетни решенија, не навлегувајќи во личностите на предложените, самиот факт дека за министер за стопанство ни се прелага инжињер, а за министер за земјоделие ни се предлага економист, доволно е јасно за компетентноста и стручноста. Уште изостана за здравство да ни се предлага дипл. правник и сликата да биде комплетна.

Што се однесува до третиот сегмент на власта, односно учеството на ДПА упатувам една остра забелешка дека оваа политичка партија конечно треба да ја напушти супериорноста во Владата на Република Македонија. Да не дозволи понатаму министри без овластување и покрај надлежностите законски што ги имаат или потиснување од активностите што се должни да ги извршуваат. Министри на кои дури им се одзема зборот, дури се зема за право да се исклучат од расправиите и од седниците. Министри кои ќе одигрууваат само улога на технички персонал во Владата.

Се надевам дека набрзо ќе имаме прилика повторно да разговараме за реконструкција, но која ќе биде детална и адекватна на приликите што ги имаме во земјава. Поаѓајќи од ова пратеничката група на ПДП нема да ја поддржи, односно ќе биде воздржана кон реконструкцијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Насер Зибери.

Има збор пратеникот Сулејман Оломан и да се подготви г-цата Радмила Шеќеринска.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи координаторот Насер Зибери зборуваше и ги опфати многу работи јас се откажувам од дискусија и нема што да ги малтретирам ниту Владата, ниту пратениците.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитувани колети, почитувани членови на Владата дами и госпoда, денеска морам да признам дека дискусијата и не е толку динамична, како што би се очекувало за прва реконструкција на вака што туку избрана Влада и затоа јас ќе се обидам да бидам така стегната и да ги кажам само некои работи, кои што навистина бодеа очи и претходно, а и по реконструкцијата. Една од работите која не беше спомената ниту од премиерот, ниту од дискутантите, беше спомената, но не како главен аргумент, беше прашање на проблеми кои што Владата се соочи во изминатите неколку месеци, а кои што беа од коалициона природа. Факт е дека секоја коалициона Влада, посебно Влада која има повеќе од две политички партии, посебно политички партии кои имаат јасно спротивставени програми, кога тогаш ќе дојде во момент кога овие разлики ќе станат драстични.

Меѓутоа факт е во изминатите неколку месеци од функционирањето на Македонската Влада, беа речиси постојан процес на манифестација на вакви значајни суштински коалициони проблеми и тоа повторно ќе повторам, позначајни и суштински прашања, како за Владата, меѓутоа пред се за Република Македонија. Да не зборувам дека тие проблеми дојдоа до израз најмногу во моментите во кои што РМ на кои што требаше да се соочи со тешки решенија со тешки одлуки, со тешки прашања и како поправило министрите во Владата, секогаш

даваа различни одговори и секогаш после тоа следеше оправдување дека се тоа партиски ставови, дека се тоа лични ставови и т.н., така што на сите нас како граѓани на РМ, да не зборувам како пратеници, како политичари, навистина ми беше вонредно тешко кој беше ставот на Владата, кој беше ставот на секоја од партиите во Владата, кој беше ставот на секој од министрите поединечно и т.н.

Меѓутоа, мислам дека ова не е класичен случај на проблеми во Владата како резултат на различни политички програми, бидејќи за овој проблем и ние како опозиција, меѓутоа и други политички и не само политички фактори во Владата сигнализираа дури при изборот на Владата. А тоа е дека оваа Влада започнува со работа со еден сериозен хендикеп, непостоење на базична платформа, околу заедничките интереси, околу заедничките цели, околу заедничките инструменти и механизми, со кои овие цели ќе се постигнат. Така што, можеби беше очекувано дека, ваквите разлики ќе дојдат на површина, но не толку брзо, не толку драстично и не по толку значајни прашања за Македонија.

Меѓутоа, денеска сме изненадени од нешто друго. Ако ми дозволите да внесам малку шала по оваа сериозна дискусија, за разлика од оваа би рекла модно едно гласие, кај најголемата политичка партија во Владината коалиција ВМРО-ДПМНЕ, евидентно беше без дискусии од членови од истата на оваа партија дека има сериозно разногласие, по едно сериозно прашање, како што е реконструкцијата. Така, премиерот во своето излагање се обиде да не убеди дека всушност оваа реконструкција претставува обид да се реши прашањето на две оставки, прашањето на зајакнување на коалицијата со уште една друга коалициона партија и едно мало реорганизирање, бидејќи се работи само за 4 променети министерски места. Нормално дека премиерот во ниеден миг не спомна дека било кој од споменатите и сменети министри носи некоја одговорност, заради некоја лоша ситуација во ресорот која што ја водел, дека носи одговорност поради некои проблематични активности на министерството или негови лични и дека како такви, Владата се оградува од нив.

Значи ќе повторам премиерот се обиде да не убеди дека ова е еден козметички момент во работата на Владата, меѓутоа, потоа еден од членовите на пратеничката група на истата партија на која што припаѓа премиерот, чувме дека всушност ова претставува еден чесен обид, да се бара одговорност од секој министер, кога тие ќе направат нешто, што не е во согласност со политиката на Владата. Така што навистина, сега е тешко да се анализира и да се заклучи зошто овие министри не сакаат да бидат министри во новата Влада, односно во реконструираната Влада и дека значи дека Владата детектирала одредени проблеми во нивното функционирање, до функционирањето на одредените ресори и како ќе се менува оваа политика, бидејќи и покрај реконструкцијата, не можеме да бидеме сигурни дека оваа политика, ваквата политика која што е сепак политика на Владата ќе биде изменета. Значи, тоа е едно сериозно прашање која што секоја политичка партија, посебно политичка партија која што води во Владината коалиција мора тоа да си го одговори.

Исто така, би спорела со тезата дека се работи за брза реконструкција, која што речиси штом била најавена била реализирана реконструкцијата се дискутира во еден облик, во друг облик, точно е дека сега ја добивме најминиминистичката реконструкција за која што се зборуваше во јавноста, меѓутоа, пред мене е еден извештај на една странска организација, која што веќе на 6 април 199 година веќе ги шпекулира истите имиња, така што не верувам дека е тоа реагирање фронтно од страна на Владата и од страна на премиерот во моментот кога забележал проблеми по ресорите.

Уште една забелешка околу изјавите, во поглед на меѓународната поддршка, бидејќи е интересно повторно да се детектира ова разногласие денеска од оваа говорница, од член на Парламентарното мнозинство кој што ја поддржува Владата чувме дека, меѓународната поддршка за РМ е евидентна, неспорна и т.н., меѓутоа, пред неколку недели, можеби на секоја втора прес конференција еден од членовите на Владиниот Кабинет, најповеќе можеби заменикот министер за надворешни работи честопати дебатира со претставниците на меѓународната заедница и тоа на прес конференции, околу нереалната поддршка која што меѓународната јавност или меѓународната заедница ја дава на Македонија.

И на крајот, како што и почнав, навистина, мислев дека оваа дискусија ќе биде пожестока, затоа до еден од колегите кој што мислеше дека е политички маркетинг, само едно потсетување дека начинот на кој што се водат работите на Парламентот и дека е една реконструкција треба да го има соодветниот третман, а што се однесува до забелешките кои биле дадени од страна на некој од пратениците од опозицијата, во поглед на аферите, во поглед на непотизмот, во поглед на случувањата на економијата, во поглед на не реализираните ветувања, само би ве посоветувала да се обратите, еве не мора дури до нашата јавност, до нашите медиуми, или барем оној дел кој што останаа независни за оценки за 100-те дена прво, па сега и веќе 200-те дена од функционирањето на Владата, би ве посоветувала да се обратите до неколку извештаи, како овој што претходно го споменав, во кој што директно се доведува во прашање владината политика во сферата на економијата, Владината политика во сферата на медиумите, Владината политика во делот на непотизмот и финансиските афери, кои што веќе се насетуваат и т.н., така што мислам дека не станува збор за субјективни, црно стриктно

опозиционо гледање на работите, туку се работи за сериозни предупредувања и сериозни знаци.

Токму поради тоа јас очекувам но малку критички интонирани дискусии од страна на претставниците на Парламентарното мнозинство, кои што на крајот на краиштата ја преземаат одговорноста за изборот на Владата во почетокот, ја преземаат и со оваа реконструкција и мислам дека треба да имаат чувство, како за својата одговорност, така и за одговорноста на своите партии.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-цата Радмила Шеќеринска и за збор се јави г-динот пратеник Лога Алириза.

**ЛОГА АЛИРИЗА:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, дами и господа пратеници, немав намера да земам збор, ќе земам затоа што на почетокот претседателот се распраша како ќе гласаме, а не дека ќе водиме расправа, меѓутоа работите така тргнаа.

Што се однесува до нашата пратеничка група од ДПА, се разбира дека ние ќе гласаме за реконструкцијата на Владата, но ме поттикнаа некои колеги пратеници, како г-динот Зибери да отвориме некој негови критики, меѓутоа, ме чуди дека нас како пред коалиционен партнер не критикува како да сме инфериорни, како технички персонал и т.н.

Меѓутоа, јас би сакал само ова да го искажам. Господата од ПДП, до вчера заменик претседател на Владата г-динот Зибери е иницијатор на доста проекти иницирани, но за жал, ставени во фиоки или во нивни фрижидери собраниски за некој подобри времиња да се решаваат. Сега тие од нас бараат за 100 до 150 дена да ги решаваме наеднаш. Се разбира до Деловникот на ова Собрание кое што честопати го иницирале, чекале за негови подобри времиња, или пак употребата на јазикот на националностите, па Законот за високото образование и т.н. Но од друга страна, беа генератори на многу афери и скандали од економски, социјален и политички карактер, кој што денес во своето излагање бараше од нас за ова кратко време, што се знае дека првите 100 дена се за конституирање на тие институции и состојбата е ваква каква што е, а од друга страна за 7 години од тоа ништо не е реализирано, било од социјалната политика, било од економската и т.н. Ние може би изгледа дека сме инфериорни, било на ниво на Влада, било на ниво на Парламент.

Но не признаваме дека сме инфериорни, а дека сме транспарентни,тоа е точно. Било кој да е, било каде да сме, укажуваме јавно и гласно.

А дека е тоа на до вчера нивните институции, на Министерствата, бидејќи ако ние сме направиле некои промени на ниво на министер, заменици и помошници, целиот ешалон долу е нивен кадар, кој што ете врши конструкција и према нашите министри и помошници и т.н.

На крајот уште еднаш сакам да истакнам дека како партија ние ќе гласаме за реконструкција на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Лога Алириза.

Г-динот Насер Зибери сака реплика, а нема повторно да дискутира.

Инаку, треба да дискутираат уште двајца, а тоа се господата пратеници Љубисав Иванов - Ѕинго и Петар Гошев.

Повелете г-дине Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас воопшто нема да се занимавам со тезите на г-динот Лога, само сакам да кажам по однос на прашањето на јазикот и она што се нуди.

Јас не го спомнав Деловникот, го спомнав Законот за службените печати, кој е таков каков што е и за кој впрочем ќе расправаме.

А, зошто бараме соодветен третман на јазикот, токму заради фактот што вие г-дине Лога цело време ви беше парола Шчип - Шчип и ние тоа Шчип очекуваме вие да го реализирате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, му благодарам на г-динот Зибери за репликата.

Има збор г-динот Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Благодарам г-дине претседателе, почитувани пратеници ќе искористам оттука да зборувам, затоа што кратко сакам да се искажам и би било неприродно да не се јавам, затоа што секогаш кога се гласа за Влада или нејзина реконструкција сум учествувал во расправи.

Веднаш морам да кажам дека оваа Влада уште во почетокот се сретна со крупни проблеми, тоа е реално и објективно, од сферата на политиката, безбедноста, економијата и т.н. Јас за двата проблема не би зборувал. Некако и Владата се снаоѓаше да ги ублажува и да ги решава на овој или на оној начин, меѓутоа, сакам да кажам дека ова беше момент и очекував претседателот на Владата, г-динот Љубчо Георгиевски да го искористи овој момент повеќе луѓе да внесе во Владата оперативци, луѓе кои ја познаваат економијата, луѓе кои можат во овој момент најтешкиот момент со кој што се сретнува и Владата и државата, некако полесно, по ефикасно и по квалитетно да се разрешуваат.

Веројатно, и тој е ставен пред свршен чин од коалиционите партнери такви само кандидати понудени, гледам еден човек доаѓа од сферата на производството и тоа е добро. Меѓутоа, имајте ги предвид тешките економски проблеми, а тука и беше кажано и не сакам да повторувам, големиот пад на производството, непрекинато растење на невработените, не

земање лични доходи на вработените, блокираните жиро сметки, големиот пад на извозот, на големиот надворешно - трговски дефицит, а да не зборувам за економичност, продуктивност, развој и т.н., таквите ги нема.

Мислам дека, е момент Владата да преземе многу по практични и по енергични мерки во правец на разрешувањето на економските проблеми. Многу поголема координација со комората, со стопанството. Многу идеи кои одат од стопанството треба да се проверат, проучат и т.н. Треба да профункционира економскиот совет. Економскиот совет треба да излегува со предлози, со идеи на олеснување на проблемите во економијата. Во исто време сакам да укажам дека може да се очекува обезбедување на кредитни средства по разни основи. По некои основи, еве тука и денеска или утре ќе се изјасни Парламентот.

Меѓутоа, таквите средства, покрај подобрувањето на платно - билансната позиција на Македонија мора да се искористат во развојот на економијата, затоа што ние со новите задолжувања кои можат и многу бргу да поминат и две милијарди ако напоредно не ја развиваме, односно не го развиваме производството, утре нема да бидеме во состојба таквите средства да ги враќаме.

Според тоа, предлагам Владата во овој момент, не потценувајќи ги и другите проблеми во својата работа, да даде приоритет на разрешувањето на вистинските економски проблеми со конкретни и квалитетни решенија, да не се робува на некои веќе усталени решенија кои се покажаа неквалитетни во системот и редоследот на плаќање, во ослободувањето и смалувањето од одредени придонеси и даноци, до ред други решенија кои во овој момент треба солидарно сите некако тешкотиите да ги поднесеме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Љубисав Иванов - Ѕинго.

Збор има г-динот пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и господа, неколку реченици кои што мислам дека треба да бидат кажани од нашава пратеничка група, без претензии да анализираме подлабоко еден период од шест месеци на работата на актуелната Влада и на парламентарното мнозинство.

Меѓутоа, за појаснување на нашиот став кон оваа реконструкција и воопшто нашиот однос кон актуелната Влада, ако придонесе за подобро разбирање тој наш став кон оние што по слободно си даваат оценки за нашите ставови, за што се разбира имаат потполно право.

Ние гласавме за оваа Влада како пратеничка група на ЛДП при нејзиниот избор. Зошто гласавме? Гласавме, бидејќи се определивме како партија за промени, гласавме оценувајќи ја работата на претходната власт како незадоволителна. Сметавме дека за РМ ќе биде добро да се извршат промени во водството на Македонската држава. А, исто така и ние бевме партија, политички субјект во изминатиот период кој што сакаше да се извршат тие промени, се разбира со учество на ЛДП. Учеството на ЛДП, за наша жал се разбира, а можеби за среќа на некои други изостана, но тоа не беше причина ние да не опстоиме на определбата, дека на РМ и се потребни промени, нова инфузија, нов кадровски потенцијал и т.н.

И, затоа тогаш ја поддржавме Владата, која што избираше со сите честитки и желби за успех во нејзината работа, успех не заради самите нив, на луѓето што ја презедоа одговорноста, туку заради РМ, бидејќи на РМ конечно и се потребни успеси на економски, социјален, демократски, стратешко - безбедносен план и т.н., бидејќи се соочува со, навистина без број, проблеми наталожени подолг период од објективна, од субјективна причина, од внатрешни шокови, од екстерни шокови и т.н.

Значи, сакавме оваа Влада да успее. Уште еднаш повторувам, не заради партиите што ја создадоа таа коалиција, се разбира и на нив им посакуваме се најдобро, туку да успее РМ, која што се уште, а за жал со дури зголемени проблеми се исправува со витални прашања за нејзината натамошна иднина.

Изминаа, како што беше спомнато, овде близу шест месеци. Тоа време за оние кои што сакаат објективно да судат за состојбите или ги разбираат маките за пресвртување на економско социјалните текови во едно општество, ќе се согласат дека е навистина кратко време за решавање на така наталожени проблеми. И, јас лично без оглед на дискусиите, фалбите и пофалбите од поединци или од сите нас поединечно, во определени прилики не очекував да се направат за шест месеци такви пресврти кои што ќе ги почувствува Македонскиот народ.

Со други зборови сакам да кажам дека шест месеци е навистина краток период за успеси. Но, шест месеци е доволен период да се направат грешки, битни грешки, да се повлечат лоши потези со последици и т.н.

Ние досега во изминатиов период како пратеничка група, како поединци гласавме за сите позитивни чекори што ги превзема оваа Влада, во поглед на законски проекти и во поглед на некоја политичка ориентација на домашен или на меѓународен план.

Но, истовремено Вие знаете дека не се воздржувавме да кажеме и дека со некои ставови или со некои ориентации не се согласуваме. На пример, не се либевме да кажеме и дека со некои ставови или со некои ориентации не се согласуваме. На пример, не се либевме да кажеме дека она признавање дипломатско на ТАЈВАН, не го сметаме за најсреќен чекор. Се разбира, оставивме да покаже и времето колку е тоа добро, иако и на крајот на не знам која

временска точка, можеби ќе останат разликите во оценките за тоа дали е тоа добро или не. Или, на почетокот рековме дека не е среќно решението, добро решението, наместо да се намалува бројот на Владата, да се зголемува на министерскиот состав на Владата.

Значи, сакавме да се трудиме да бидеме објективни. Но, тие прашања, се разбира, не го доведуваа во овој период нашиот став дека, на оваа Влада на овој нов состав не треба да и се даде приликата, шансата да покаже резултати, да даде резултати, од кои што ние сите подобро ќе се чувствуваме во РМ.

Затоа, така се однесувавме и затоа така ќе се однесуваме и во иднина. И во иднина сите позитивни чекори што ќе бидат направени од оваа Влада, од ова парламентарно мнозинство или вкупно, ние ќе ги поддржиме безрезервно и ќе гласаме за тие чекори и едноставно ќе се бориме за нивната реализација, толку колку што ние можеме тоа да го направиме. Се разбира, исто така се разбира ќе говориме за оние прашања за кои што мислиме поинаку, ќе соопштуваме и поинаку.

Сегашната состојба во РМ е навистина тепка и таа едноставно произведува толку многу проблеми кои што не можат за така краток период и со поголеми капацитети да бидат совладани. Сигурно е дека верувам сите и овде и надвор ќе се сложите дека Македонија се наоѓа во една од на критичните точки од своето опстојување во поновата историја. Загрозени се повторно некои фундаменти на опстанокот на РМ. Затоа е говорено многу пати.

Затоа е свесен, сигурен сум и премиерот и сите министри и членовите на Парламентот и тие во власта и тие во опозицијата, а вие можете да слушнете колку е загрижен денес македонскиот граѓанин што чувствува како перспектива, поволно, неповолно и колку луѓе денеска во РМ ќе кажат не знаеме утре што ќе биде и колку луѓе размислуваат кога би имале чаре да фатат авион или воз и да заминат на некое друго место. Тоа го слушате сите вие.

Значи, чувството на страв во овој период е зголемен, не заради промените, не заради работата на оваа Влада ваква или онаква, туку заради еден голем екстерен шок кој што и се случи на Македонија, кој што е тешко совладлив и за земји со многу поголеми капацитети економски, безбедносни и т.н., отколку што ги има РМ.

Затоа, имајќи ја предвид таа ситуација во Македонија, овој тежок екстерен шок, кој што и се заканува на Македонија да ги поткопа виталните точки на опстанокот, ние бевме и изјавуваме дека сме за проширување на политичката основа на власта. Да се прошири бројот на политичките субјекти што ќе партиципира во власта, всушност, да се прошири едноставно бројот на луѓето кои што ќе и се стават во служба на РМ. Не на оваа власт, на оваа партија, на онаа коалиција и т.н., значи да се вклучат што е можно поголем број на луѓе во совладувањето на тешките економски, политички, безбедносни проблеми, кои што денеска ги има.

Ние тоа како партија го изјавувавме, а имавме таква изјава и од претседателот на најголемата опозициона партија СДСМ г-динот Бранко Црвенковски. И, тој во една таква прилика искажа дека и СДСМ е подготвен да помогне во оваа ситуација.

Од тие причини, оценувајќи го овој тежок момент за РМ, на кој што му се потребни да бидат ставени во служба сите расположливи капацитети што ги има РМ, ние всушност ја прифативме понудата на премиерот на Владата на РМ, ЛДП да партиципира со, по негова желба, по желба претпоставувам на коалицијата или на најголемата партија во власта ВМРО-ДПМНЕ, односно на нејзиниот прв човек ЛДП да партиципира со еден министер без ресор во оваа Влада.

Значи, сите мотиви за партиципација на ЛДП се, всушност тие, во овој момент секој да го даде придонесот кој што може да го даде или колку што се бара. Од ЛДП се побара да партиципира со еден министер без ресор во Владата на г-динот Георгиевски преку оваа реконструкција.

И, се разбира, сите други дискусии околу одговорности и заслуги завршуваат и тие можат само од некакви поинакви политички призми и потреби да се даваат на адреса и на ЛДП и на некои други.

Нашата одговорност како ЛДП ќе биде на нивото на еден министер без ресор во Владата, која што сега се реконструира или преку намерите на г-динот Георгиевски се сака да се зголеми нејзината, на пример, ефикасност.

Исто така, што е сосема логично, нашите евентуално заслуги од доброто работење на Владата, што многу, многу ги сакаме, се разбира, ќе бидат толку. Ние не можеме да имаме поголеми заслуги ако се остваруваат добри резултати како партија, поради тоа што имаме еден претставник во Владата, која што од сега натаму ќе функционира. А, се разбира, стоиме на ставот доколку господата од коалицијата, господинот премиер бара пет луѓе, пет ќе дадеме во овој момент за Македонија. Ако бара 15, 15 ќе дадеме како ЛДП. Колку сака толку ќе им дадеме да им помогнеме со кадрите кои што ги има ЛДП.

Толку, значи сакаме во овој момент да покажеме потполно разбирање за ситуацијата во која што се наоѓа РМ. Не овој или оној партнер во власта.

Затоа нашиот однос ќе продолжи да биде позитивен, но се разбира, секогаш ќе кажеме ова го поддржува Либерално демократската партија, Пратеничката група, ова не го поддржува или секој пратеник во ЛДП демократијата е голема и секој пратеник ќе си каже точно што мисли за овие или оние решенија.

Наша сугестија е до овој момент да не се потиснуваат реформските процеси во Република Македонија, притиснати од овој навистина неверојатен екстерен шок, а таму мора да биде големо вниманието, но има многу министерства, многу ресори кои ги работат внатре работите успешно, да продолжат реформите на економскиот систем на правно - политичкиот систем на Република Македонија, што е можно побрзо да го заокружиме стопанскиот, економскиот и политичкиот систем, хармонизиран со оној на Европската унија. Да вклучи што е можно повеќе актуелната власт стручни луѓе таму каде се бараат решенија за политичките места никој не може да забележи дека се именуваат партиски кадри, тоа е најнормално, но таму каде се бара стручност, таму прв критериум да биде стручноста, едноставно да бидат употребени сите можни потенцијали во Република Македонија.

Еве, од тие причини ние и даваме шанса на Владата да работи што е можно повеќе, тука сме секогаш ќе укажеме на грешките и тоа што нема да го направи добро, ќе го соопштиме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Петар Гошев.

На мојот екран веќе немам пријавено пратеници.

Дополнително господинот Флоровски се пријави.

Исто така и господинот Амди Бајрам.

Ве молам, немојте да ги вадите картиците, бидејќи ќе Ве нема овде ако ги извадите картиците.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Мислам дека ова не се однесува на мене, мојата картица е таму.

Ќе бидам краток, вообичаено, пред се добро е да се има квалитетни луѓе и во случај на потреба на оваа Влада, она што господинот Гошев го понуди можеби ќе се прифати во некое подобро време.

Една кратка алузија на излагањето на госпоѓата Шеќеринска, во врска со униформираноста на ВМРО-ДПМНЕ.

Добро е да е човек луциден, но тоа се должи на самиот склоп на човекот.

Околу 100-те дена кои цело време ги апострофиравте, само ќе Ве потсетам дека имавте 2.200 - 2.300 дена на располагање, ефектот беше катастрофален. Впрочем народот тоа добро го памети. Само да се потсетам, господинот Билали рече дека економската криза не е предизвикана од кризата на Косово. Ако не е така, се прашувам нели тоа се должи на работењето на претходната Влада во која партиципираше и ПДП? Дали Србија е единствената земја со која треба да работи Македонија е доста интересно прашање. Периодот на шестгодишното владеење на СДСМ беше апсолутно искористено за барање на нови партнери. Значи, вината апсолутно паѓа на Владата на СДСМ и ПДП и нивното шестгодишно владеење.

Господинот Никола Поповски вели вака, дека Владата не нуди ништо ново, она што го понуди се финансиски афери, скандали и т.н. Една кратка паралела кога говориме за скандалите ќе го спомнам ТАТ, АЛФА С, Југо - реклам, кои милион пати се спомнати овде и на крај она што значи свети СДСМ, она што беше изговорено од екс премиерот на СДСМ, во врска со аферата ТАТ. Така што такви паралели воопшто не прифаќам и Ве молам друг пат немојте да ги правите. Доколку има такви случаеви во оваа Влада, излезете спомнете ги со име и презиме.

Впрочем, дупката од 90 милиони марки во Министерството за здравство не е направена од оваа Влада. МВР, Министерството за одбрана, впрочем тие материјали се предмет на разгледување на самата Анкетна комисија. Ако веќе говориме за чесност и продаваме чеснотија, тој што го изговара тоа мора да биде поштен и чесен, во овој случај тоа може да се однесува на Вас, но не и на Вашите колеги. За жал, еден Ваш колега остана со возило Рено 4, додека другите добро се офајдија.

Господинот Зибери спомна дека, со оваа реконструкција се дава мала надеж за народот, а која беше надежта што ја нудеше тој како бивш министер за труд и социјална политика? Впрочем извештаите за работењето на тоа Министерство исто ќе бидат предмет на разгледување на Анкетната комисија, па тогаш ќе можеме да говориме. Вели, се нема јасна надворешна политика кон НАТО и Европската Унија, што апсолутно не држи и не е точно од едноставна причина што Владата милион пати јавно се издекларира и како политичка партија ВМРО-ДПМНЕ, дека нашиот пат е единствен кон НАТО и Европската Унија и нема овде да продавате ветер и магла дека Владата не е јасна во однос на надворешната политика. Тоа се однесува на господинот Зибери кој овде не го гледам. Зошто нему му се чини така, затоа што така сака да ги толкува работите.

Кога говориме за компетентност спомнувајќи ги двајца тројца нови министри, само ќе Ве потсетам дека во владеењето на СДСМ тројца до четворица министри нон стоп ротираа. Ако направиме паралела кои беа покомпетентни, тоа е дискутабилно и можеме да говориме од оваа говорница.

Тоа би било на кратко, можеби нешто заборавив, но ќе имам прилика да реплицирам за нешто.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Флоровски.

Господинот пратеник Амди Бајрам побара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници и почитувани новинари, нека ни е среќен денот во новиот Парламент, прв почнав со кавга, но нема врска, нормално мора да има некој да галами, некој да следи.

Околу Владата, околу министрите. Тука е темата. Поздравувам се, добра работа е, знаете во која ситуација се наоѓаме, секогаш кажувам и секогаш излегувам на оваа говорница тоа да го кажам. Македонија се наоѓа во тотален економски колапс, не треба маска, не треба фрази да продаваме, затоа што сме во економски колапс.

Сакам лично да знам од премиерот или од министрите или замениците овие четворица што се менуваат дали ги менува премиерот за злоупотреба, за пречекорување, не треба да се крие, јавноста нека знае затоа што јавноста барала промени, ја поддржувала промената и нормално гласале за промени. Сакам да кажам ако сме чесни, ако сакаме чесно да работиме, народот ни ја дал довербата, овие четворица што се менуваат, бидејќи ние како пратеници немаме добиено ништо зошто се сменети, па да не биде во завиена форма и спрема народот и спрема граѓаните и спрема нас пратениците, дајте да добиеме една јасна слика, не треба многу реплики, да почнеме на пратеничките прашања, што треба овде да изгласаме за Владата, за ново предложените да ги изгласаме за да може да функционира Владата, да може да се работи, а ние да продолжиме со пратеничките прашања, што се болни точки, што треба јавноста на Република Македонија, граѓаните да знаат, ние да се искажеме, да видиме што е и како е за да живеат сите граѓани чесно, да знаат дека има Парламент, Влада, министри, па ако не може усно, макар и писмено, но мислам дека премиерот е толку културен, секогаш бил добар ќе каже и зошто ги сменил луѓето. Го замолувам да каже пред јавноста дали имаат нешто пречекорено, се знае кој ги поставил, не навлегувам во партиските работи, партиите си се партии нормално, еве имате четврт придружник во Владата нека Ви р со среќа, може да има и петти, шести и седми, се може да се случи, затоа треба да знаеме сите нормално ако згрешил некој, нормално ќе си течи постапката како што треба, инаку ако се сеќавате на една седница пред две седници станав и го бранев министерот за стопанство на Република Македонија што ја даде оставката, за тоа што јас мислам по мое немаше средства, нема ова, нема тоа и најнормално министерот си даде оставка, затоа што не можеше да работи во таква ситуација.

Ако има нешто, јас само толку, го замолувам премиерот ако може, ако не може тогаш благодарам на сите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Амди Бајрам.

Последен за дискусија е пријавен на мојот монитор господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, се јавив да кажам всушност една анегдота во врска со бројните приговори дека се така правел и СДСМ, како што прави сегашната Влада, односно правел уште полошо.

Во едно големо претпријатие наречено Македонија, дошол нов директор и го замолил стариот директор да му даде одредени инструкции, како би управувал со тоа претпријатие. Стариот директор му рекол знаете што не е време сега за инструкции, меѓутоа јас Ви оставив три писма во фиоката. Кога ќе наидете на проблем, независно од тоа нека го слушнат оние што не го знаат, а тие што го знаат нека гледаат, кога ќе наидете на некој проблем отворете го писмото и видете што пишува во него. Одело неколку месеци добро, меѓутоа, штрајк, работниците се побуниле побарале плата, дошле кај директорот и тој се сетил на писмото и го извадил првото писмо.

Во првото писмо пишувало, нападни го старото раководство. И директорот нормално излегол пред работниците и им рекол Вие не знаете во каква состојба Ви беше оставено претпријатието. Беше за никаде, криминалци сето го опљачкале, едноставно не можам јас за два три месеци да ја средам ситуацијата. Работниците покажале разбирање, рекле добро е вистина можеби има во сето тоа ајде му дале уште два три - месеци. Меѓутоа, по два - три месеци пак требало да подели плата, а пак немало плата за работниците. Тогаш тој се сетил на второто писмо.

Го извадил второто писмо и во него пишувало е сега нападни ги твоите најблиски соработници. Директорот станал и рекол знаете што јас еве вложувам се што можам, меѓутоа, комерцијалниот директор не продава, финансискиот директор не ги наплатил долговите, знаете не знаев со какви бараби сум опкружен и ќе морам да направам некаква реконструкција на кабинетот. Ја направил реконструкцијата, меѓутоа пак дошло тешко време после три месеци пак немало плата и тој се сетил на третото писмо, а во третото писмо пишувало напиши три писма и бегај.

Ми се чини дека практично Владата на владината коалиција стигна во фазата на второто писмо и дека е време практично да престане со критиката на претходните што

направиле, затоа што всушност тоа едноставно веќе не помага, луѓето едноставно ќе Ве прашаат, па кога веќе се нафативте и кажувате дека ја знаете состојбата каква била веројатно имавте идеја како ќе продолжите.

Сега по второто писмо е направена таа реконструкција, едноставно да видиме што ќе биде со таа реконструкција, дали навистина нешто ќе се направи и дали *ќе* дојде оваа Влада во фаза кога треба да ги напише трите писма.

Инаку, во сегашнава ситуација многу често ни се наметнува логиката дека, секој вид на критика е некако опасен за земјата. Почна во Македонија да станува доминантно дека оној кој во овие моменти, тешки моменти за Македонија ја критикува Владата, директно работи на дестабилизација на земјата со поддршка на внатрешниот и надворешниот непријател. Многу често може да се слушне и дека во оваа ситуација е потребно сите да се собереме околу Владата, а не да ја критикуваме.

Втората работа е ако некој случајно ги критикува Албанците во Владата или коалициониот партнер на Албанците во Владата, тогаш тој е против релаксацијата на меѓуетничките односи и ништо не разбира.

Те9то, ако случајно е против некои напади на НАТО врз СР Југославија, тогаш тој е антизападно, антиамерикански расположен и задолжително просрпски комунистички расположен.

На крајот ако случајно излезе загриженост во однос на бегалската криза и начинот на кој со неа се управува во Македонија, тогаш е обавезно албанофобичен и работи против интересите на сопствената земја.

Знаете, сепак треба да покажеме едно поголемо разбирање за правото на луѓето да ги изнесат сопствените мислења и не веднаш за секој тип на критика да се гледаат намери, а всушност се задскрие она што некои луѓе некогаш го правеле или всушност да се направи целосна дестабилизација на Македонија.

Напротив, критиката може да биде токму во насока Македонија да се стабилизира, критиката може да биде навистина оној осигурувач кој е потребен да не направиме поголеми грешки. Осигурачот знаете и самите избива тогаш кога се чувствува одреден напон, одредена напрегнатост и ако тогаш на време се реагира, тогаш сигурно нема да дојде до пожар.

Единственото што опозицијата го има право и што го прави, всушност е токму таа улога на осигурувач со својата критика да одигра и покаже, што е тоа што треба да се менува, да не се направат поголеми штети. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ѓорѓи Спасов.

Немаме други пријавени пратеници, па според тоа дали би можеле да го заклучиме претресот и да поминеме на гласање.

Ги молам сите пратеници што не следат во споредните простории да влезат, за да пристапиме кон гласање.

Пред да преминеме на гласање, ве известувам дека разрешувањето на член на Владата се врши со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Според тоа, Предлогот за разрешување на Жанко Чадо од функцијата министер за стопанство го ставам на гласање.

Ќе Ви оставам 60 секунди за размислување.

Молам да поминеме на гласање.

Ако не сакате 60 секунди, тогаш нека бидат 30 секунди, ќе ми биде сеедно.

Времето истече, ќе Ве молам на мојот монитор гласале вкупно 89 пратеници.

За разрешување на Жанко Чадо гласале 62 пратеници.

Воздржани се 24 пратеници.

Против биле 3 пратеници.

Според тоа, констатирам дека Жанко Чадо е разрешен од функцијата министер за стопанство.

Предлогот за разрешување на д-р Владимир Џабирски од функцијата министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, го ставам на гласање.

Ве молам да отпочнеме да гласаме по 30 секунди.

Првото гласање секогаш Ви го оставам, за да евентуално некој дојде по една минута.

Гласале вкупно 86 пратеници.

За разрешување гласале 60 пратеници.

Воздржани 18 пратеници.

Против се 8 пратеници.

Морам да констатирам дека не гласале доволен број на пратеници за разрешувањето.

Констатирам дека гласале доволно пратеници, но тој не е разрешен.

Има збор господинот Љубен Пауноски.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Почитуван претседателе, во име на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам поединечно изјаснување.

Барам поддршка од 10 пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Деловнички има право на поединечно изјаснување.

Поединечното изјаснување ќе се врши со кревање на рака, бидејќи се уште ја немаме таа техника.

Ве молам, во оваа ситуација, бидејќи се бара поединечно изјаснување....

Господинот Никола Поповски бара процедурално прашање.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед на уставните членови или норми, во однос на изменувањето и разрешувањето на членовите на Владата, каде што децидно е кажано дека гласањето е јавно, на што упати господинот Гошев во својата дискусија, пред да преминеме на поединечно гласање, бараме да ни се даде листингот од гласањето за разрешувањето на господинот Џабирски, за да стане јавно, кој како гласа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Листингот може да се стави на јавно гласање и тоа е можно да го добиеме, но тоа не го оспорува правото уште еднаш да се побара деловнички и да се гласа повторно.

Процедурално сака да се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, да немаме посебна забуна.

Во салата е присутен Милан Ставрев, пратеник кој не поседува картичка и му е ускратено правото да гласа.

Ве молам, дали е техника или не е, нека Собранието одлучи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Листата од поединечното гласање ние сега ќе ја добиеме компјутерски и секој може да ја види, бидејќи рековме дека е јавно, но тоа не го попречува деловничкото право повторно да гласаме. Тоа е неспорно.

Ако е тоа неспорно, ќе ве молам да дадам пауза од 10 минути да ја добиеме листата, но ќе ве молам само 10 минути.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине претседателе баравме поединечно да гласаме. Ние во овој момент не баравме пауза.

Вие морате да се придржувате на барањето на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Ова што го правите е недозволиво.

Поминете на поединечно гласање. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не бара пауза, бара поединечно гласање. Немојте ве молам да не доведувате во вакква ситуација. Бараме веднаш да гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Предлагам пауза од 10 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,10 часот).

Продолжуваме со работа.

Пристапуваме кон поединечно гласање.

Ја молам госпоѓата Каролина, секретар на Собранието, да изврши прозивка за поединечно изјаснување.

Секретарот на Собранието врши прозивка за поединечно гласање.

(Прилог).

1. Јонуз Абдулаи - за
2. Абдурахман Алити - отсутен
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - воздржан
5. Стојан Андов - отсутен
6. Кирил Андоновски - отсутен
7. Љупчо Анушев - за
8. Амди Бајрам - против
9. Фадил Бајрами - за
10. Димитар Баткоски - отсутен
11. Мерсел Биљали - отсутен
12. Валентина Божиновска - за
13. Јордан Бошков - за
14. Димитар Бузлевски - воздржан
15. Абдулади Вејсели - воздржан
16. Слободан Гарчески - за
17. Васил Гаџовски - за
18. Михајло Георгиевски - за
19. Трајко Гешоски - за
20. Александар Гештаковски - воздржан
21. Данило Глигороски - за
22. Петар Гошев - за
23. Слободан Даневски - за
24. Замир Дика - отсутен
25. Ванчо Ѓоргиев - воздржан
26. Илија Ѓоргиев - отсутен
27. Фатмир Етеми - отсутен
28. Васил Ефтимов - за
29. Насер Зибери - воздржан
30. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
31. Мирко Иванов - воздржан
32. Илија Илоски - воздржан
33. Никола Јованов - за
34. Весна Јовановска - за
35. Марика Јорданова - за
36. Назми Кадриу - за
37. Радомир Карангелески - за
38. Жарко Караџоски - за
39. Митко Киров - за
40. Лазар Китаноски - воздржан
41. Саво Климовски - за
42. Стојан Ковачески - воздржан
43. Ѓорѓи Котевски - за
44. Чедомир Краљевски - за
45. Илија Лазаров - отсутен
46. Горанчо Лазов - за

47. Алириза Лога - за
48. Билал Љутфии - отсутен
49. Васе Манчев - отсутен
50. Наталија Марковиќ - Димова - за
51. Ѓулистана Марковска - за
52. Диспина Марковска - за
53. Звонко Мирчески - за
54. Драган Митевски - воздржан
55. Илинка Митрева - воздржана
56. Кирил Настески - воздржан
57. Рубенс Наумовски - за
58. Горан Невеновски - за
59. Латиф Пајкоски - за
60. Александар Пандов - за
61. Ванчо Панчев - за
62. Љубен Пауноски - за
63. Илија Пемов - за
64. Тито Петковски - воздржан
65. Чедо Петров - отсутен
66. Томислав Петровски - за
67. Филип Петровски - за
68. Азис Положани - отсутен
69. Стојан Попов - за
70. Љубомир Поповски - воздржан
71. Никола Поповски - воздржан
72. Илија Прангоски - отсутен
73. Исмет Рамадани - воздржан
74. Љупче Ристески - отсутен
75. Ненад Ристовски - за
76. Нано Ружин - воздржан
77. Илјас Сабриу - за
78. Аце Сајкоски - за
79. Аслан Селмани - за
80. Борче Сибиновски - отсутен
81. Вангел Симев - за
82. Ристо Спанаков - за
83. Крале Спанчевски - за
84. Ѓорѓи Спасов - воздржан
85. Милан Ставрев - за
86. Наќе Стојановски - воздржан
87. Томислав Стојановски - за
88. Воислав Стојаноски - за
89. Благој Стојковски - воздржан
90. Златко Стојменов - за
91. Владо Сугаревски - за
92. Оломан Сулејмани - воздржан
93. Ризван Сулејмани - воздржан
94. Мухамед Таири - за
95. Александар Талевски - за
96. Мевљан Тахири - за
97. Митко Тилевски - за
98. Ѓорѓи Тодоров - за
99. Ристо Тодоров - отсутен
100. Павле Тодоровски - за
101. Панде Томов - за
102. Коце Трајаноски - за
103. Горанчо Трајков - за
104. Танас Трајковски - отсутен
105. Александар Трпевски - за
106. Борислав Трповски - воздржан
107. Слободан Ќосев - за
108. Илија Филиповски - воздржан
109. Александар Флоровски - за
110. Илјаз Халими - за
111. Благој Ханџиски - воздржан
112. Сејфедин Харуни - против
113. Кастриот Хаџиреџа - за
114. Бранко Црвенковски - воздржан
115. Миланчо Черкезов - за
116. Ванчо Чифлиганец - отсутен
117. Арбен Џафери - отсутен
118. Хисни Шаќири - за
119. Алија Шахиќ - за
120. Радмила Шеќеринска - воздржана

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, од завршеното гласање резултатот е следниот:

За предлогот гласаа 68 пратеници.

28 пратеници се воздржани.

2 пратеници се против.

Според тоа, констатирам дека д-р Владимир Џабирски е разрешен од функцијата министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предлогот за разрешување на д-р Стојан Богданов....

Процедурално сака да се обрати господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, со оглед на една вистина, Карангелески е присутен, а го нема никаде во компјутер дека гласал.

Понатаму има двајца наши кандидати кои беа во сала, а немаат картици и не гласале, затоа имаме непријатност. Апаратот што го имаме тука не работи. Семафор имаме, а броиме пак на ова.

Предлагам ова денешно да го гласаме со кревање на рака како порано, а да се уреди техниката и кога ќе имаме сигурност дека е исправно, тогаш да можеме да сметаме на разни резултати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Еве имаме предлог да поминеме на стариот начин на гласање, со оглед дека се сомневаме во техниката.

Заправо, има извесни технички проблеми, тоа е точно, не работи семафорот горе, не може да го покажува резултатот и т.н.

За да не одиме сега на повторни прегласувања, ја знам дека притиснав овде, излезе дека не сум гласал, но добро сега, можеби сум згрешил.

Значи не ја исклучувам можноста дека има грешки од технички карактер.

Затоа мислам дека треба да го прифатиме предлогот на господинот потпретседател и заради ефикасноста да одиме на тој систем, додека електронскиот систем не се усоврши и не ги покажува и своите слаби страни како што сега ги имаме.

Според тоа предлагам понатамошното гласање да оди по стариот начин и ве молам да ги пребројувате гласовите како што беше.

Изгледа тоа ни е најсигурен начин на гласање.

Господинот Наќе Стојановски има процедурално прашање.

Господине Стојановски можете и од место да зборувате, ако сакате.

Господа пратеници, од сега натаму за процедурални прашања, имате пред вас микрофони, па можете да ги користите.

Дајте да бидеме по рационални.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека од Парламентот не би требало да се прави комедијашки театар. Во секој случај не би требало да се прави, ниту по оваа последна забелешка на претседателот на Собранието. Има Деловник и Деловникот треба да се спроведува.

Господине претседателе, јас се јавив деловнички во врска со Вашиот последен заклучок дека треба Собранието да продолжи да работи, да се изјаснува согласно стариот начин на работење. Немам ништо против. Но, Ве молам, истовремено значи ли тоа дека ја доведувате досегашната работа, од почетокот на седницата, под знак на прашање? Ако е констатацијата дека се сомнева во технологијата дека е не исправна, тогаш автоматски со Вашиот заклучок што го предлагате овде на Собранието ја доведувате под сомнеж досегашната работа на Парламентот во текот на денешниот ден. Тоа е несериозен пристап.

Јас само укажувам и реагирам на еден таков начин на постапување. Постои технолошка верификација за техничка исправност на средствата. Треба да има одговорно лице, во секој случај, доколку техниката закаже, да ги сугерира г. претседателе и да се прекине работата на Парламентот.

Во спротивно, одлуките што ги носи Парламентот ќе дојдат под сомнеж.

Јас не знам дали Вашиот заклучок што го сугерирате сега, во моментот на закажување на техниката, е само по прашање на посебното гласање или од почеток, од кога почна со работа денешнава седница на Парламентот?

Мислам дека, во секој случај, треба да се штити работата и дигнитетот на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Наќе Стојановски.

Сега имаме предлог да гласаме електронски и имаме предлог на г. Стојановски да гласаме рачно, да ја продолжиме работата.

Никој не се сомнева во досегашните резултати од гласањето.

Според тоа, ќе Ве молам да се изјасниме по предлогот на г. Стојановски, бидејќи сега имаме конкретен предлог со кревање на рака, бидејќи тој бара така да се изјасниме.

Ќе Ве молам, кој е за предлогот останативе точки од дневниов ред, барем во овој дел, да го утврдиме резултатот по пат на гласање со рака, нека крене рака?

66 пратеници се за.

Дали има некој против?

3 пратеници се против.

Дали има воздржани?

1 пратеник е воздржан.

Според тоа, констатирам дека продолжението на работата на Парламентот, ќе го продолжиме со гласање како што одлучивме, значи со рака.

Го ставам предлогот за разрешување на д-р Стојан Богданов од функцијата министер за здравство на гласање.

Молам кој е за?

64 пратеници се за.

Кој е против, ќе ве молам?

1 пратеник е против.

Дали има воздржани?

29 пратеници се воздржани.

Констатирам дека д-р Стојан Богданов е разрешен од функцијата министер за здравство.

Предлогот за разрешување на м-р Ѓорѓи Наумов од функцијата министер без ресор го ставам на гласање.

Ве молам, кој е за?

66 пратеници се за.

Кој е против?

2 пратеници.

Дали има воздржани?

5 пратеници се воздржани.

Според тоа, констатирам дека м-р Ѓорѓи Наумов е разрешен од функцијата министер без ресор.

Минуваме на точката 2 - Предлог за избор на членови на Владата на Република Македонија.

Со оглед на фактот....

Процедурално барате нешто Наумовски?

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Имам еден предлог, да гласаме паралелно и со техниката и со кревање на раце....

**САМО КЛИМОВСКИ:** 65

Господине Наумовски, немојте сега да комплицираме, еднаш веќе донесовме заклучок. Се изјаснивме како ќе гласаме.

Немојте денеска повторно да го ставаме ова прашање.

А, техниката ќе се исправи. Она што е грешка ќе се исправи.

Претседателот на Владата, истовремено барајќи од нас да разрешиме одреден број членови на Владата, истовремено поднесе и образложение за предлогот.

Според тоа, мислам дека нема потреба повторно да дава образложение.

Отворам расправа.

Молам, кој друг бара збор во врска со предлогот за избор на членови на Владата на Република Македонија? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање, Ве известувам дека исто така и изборот на членови на Владата се врши со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот Михајло Толевски да биде избран за министер, кој ќе раководи со Министерството за стопанство го ставам на гласање.

Ќе Ве молам, кој е за?

68 пратеници гласаа за.

Кој е против?

26 пратеници гласаа против.

Дали има воздржани пратеници?

6 пратеници се воздржани.

Според тоа констатирам дека Михајло Толевски е избран за министер, кој ќе раководи со Министерството за стопанство.

Предлогот Марјан Ѓорчев да биде избран за министер, кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме, кој е за?

65 пратеници гласаа за.

Кој е против?

24 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласањето?

8 пратеници се воздржани.

Според тоа, констатирам дека Марјан Ѓорчев е избран за министер, кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предлогот д-р Драган Даниловски да биде избран за министер, кој ќе раководи со Министерството за здравство го ставам на гласање.

Молам да пристапиме кон гласање.

Кој е за?

пратеници гласаа за.

Кој е против, ќе ве молам?

24 пратеници гласаа против.

Дали има воздржани пратеници?

6 пратеници се воздржани.

Според тоа, констатирам дека д-р Драган Даниловски е избран за министер, кој ќе раководи со Министерството за здравство.

Предлогот Радован Стојковски да биде избран за министер без ресор, го ставам на гласање.

Ве молам да пристапиме кон гласањето.

Кој е за?

пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

14 пратеници се против.

Има ли воздржани пратеници?

12 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Радован Стојковски е избран за министер без ресор во Владата на Република Македонија.

Ги молам министрите да дадат свечена изјава.

(Се дели текстот на свечената изјава).

Ќе ве молам да станеме сите.

(Претседателот на Собранието и сите пратеници стануваат).

Ги молам министрите да го повторуваат текстот што го читам.

"Изјавувам дека доверената функција ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и Законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

(Избраните министри го повторуваат текстот на изјавата по претседателот).

Ги молам министрите да ја потпишат свечената изјава.

(Министрите ја потпишуваат свечената изјава). (Аплауз).

Дозволете ми од мое име и од името на сите пратеници да им го честитам изборот на министрите и да им посакам успешна работа во

извршувањето на задачите, кои ги очекуваат во наредниот период, како и успешна соработка со Собранието на Република Македонија.

Истовремено, дозволете ми да им се заблагодарам на досегашните министри за нивните залагања и да им посакам успех во нивната понатамошна работа.

Денеска рековме ќе работиме само уште по една точка.

Минуваме на точката 3 - Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународното здружение за развој по договорот за Проектот за ургентен увоз.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Дали сака министерот да каже нешто повеќе во врска со ова?

Повелете, има збор министерот за финансии, г. Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пред вас е еден закон со кој почнува задолжување. Задолжувањето е прашање што е најмногу контраверзно во Македонија и на кое прашање се повикуваат скоро сите Влади, дали некој се задолжува повеќе или помалку и т.н.

Морам да кажам дека почнавме со наследена длабока социјална и економска криза.

Меѓутоа, го отворивме првото писмо. Меѓутоа, продолживме со силни наши програмски определби, односно извршивме намалување на одредени даноци. Тоа беше во нашата Програма. Почнавме со ревизија на приватизацијата, таа е во процес и имаме утврдено неправилности. Почнавме со измени на моделот на приватизацијата, односно го забрзавме процесот на приватизациониот, период што е толку потребен на Македонија.

Исто така, направивме одредени супституции на увозни производи со домашни производи, а тоа беше потребно на Македонија и беше во нашата Програмска определба. Ги подобривме аранжманите со ММФ и Светската банка, предвидовме раст на вработувањето за 5%, односно усвоивме плебисцитарно еден Буџет, за кој гласаа сите овде во Парламентот, тоа беше стегнат Буџет, Буџет во функција на развојот. Објавивме војна против митото и корупцијата, направивме односно се заложивме за силни структурни реформи. Значи почнавме и за сто дена извршивме повеќе, отколку што можела некоја Влада тоа да го направи.

Меѓутоа, се случи Косово, се случи косовската криза. Косовската криза има силно влијание врз економската и социјална состојба на Македонија. Еве зошто.

Прво, за жал Југославија на Македонија е еден од најголемите економски односно стратешко - економски партнери. Тоа била економска политика што се градела долги години наназад. Тоа сега ни се свети. Со еден шок, со една војна во Југославија, таа има силно влијание врз македонската економија. Затоа што над 20% од надворешниот промет што го прави Македонија го прави со Југославија. Ако се земе предвид дека тоа се над 550.000.000 промет со Југославија, сега веќе по војна тие средства ги нема.

Исто така, ако се земе предвид дека единствен наш транзитен коридор е Југославија и ако тој транзитен коридор сега го немаме, се поставува прашањето на трговијата не само со Југославија туку и на трговијата со сите други земји во Европа.

Се поставува прашањето дали Македонија, дали една Влада, било која Влада, посебно оваа Влада што има силни реформски определби може за еден -два месеци тоа прашање да го реши, односно да најде алтернативни пазари за југословенскиот пазар? Може, меѓутоа малку на подолг период.

Трета работа, оваа година и да не беше косовската криза, ние наследивме една силна задолженост на Македонија, во однос на странските долгови, така што оваа година стасаните странски долгови изнесуваат над 170.000.000 долари.

Се поставува сега прашањето, се наметна косовската криза, што ние сега во оваа ситуација како Влада?

За излез од кризата ни се потребни ресурси, односно потребни се средства. Се поставува прашањето дали Македонија има домашни извори на средства за излез од кризата?

Прво секој ќе каже најдобри извори се штедењето. Меѓутоа, дали во Македонија има штедење? Штедењето во Македонија во претходниот временски период е уништен. Тоа повторно да се стави во функција треба малку подолг временски период.

Дали има други домашни средства, ресурси за излез од кризата? Нема.

Единствен излез од кризата е оваа билатерална помош од странство преку кредити и ГРАНТ-ови.

Затоа, Владата силно се ангажира да организира Донаторска конференција на која побаравме, а такви се и штетите во платниот биланс и Буџетот на нашата држава, побаравме помош од 440.000.000 долари за поддршка на платниот биланс и за поддршка на Буџетот на Република Македонија.

Некој од дискутантите кажаа дека тоа е успешна – не успешна конференција. Меѓутоа, морам да кажам дека на таа Донаторска конференција Македонија успеа преку ГРАНТ-ови и кредити, а такви беа и аранжманите од 440.000.000 сега да добие, во овој момент 252.000.000 долари.

Тоа беше една од најдобро организираните донаторски конференции до сега, односно во историјата на донаторските конференции.

Вие ако немате податоци, читајте ги билтените на Светската банка и на Меѓународниот монетарен фонд и ќе видите дека тоа е така. Или да направиме една споредба, последната донаторска конференција која ја организираше претходната Влада, тие добија 33 милиони долари, сега се добија 250. Значи 8 пати повеќе отколку што се добивало порано. Тоа е успех на донаторската конференција.

Сигурно штом успеавме во тоа дел од таа помош реков дека е билатерална помош, дел од таа помош е грантови. Реков 102 милиони се грантови, средства без обврска за враќање, а 152 милиони се со обврска за враќање. Меѓутоа ако се земе во предвид дека тие 152 милиони се средства од Светската банка под ИДА услови, во тој случај може да се види каков е успехот на таа донаторска конференција, односно успехот на Владата за да се справува со кризата во која се наоѓаме.

Затоа и прво Светската банка реагираше кај нас, да таа даде итно кредит од 50 милиони долари под ИДА услови и тоа пред да го одобри дозволи 20% од тој кредит веќе да го користиме. Така што 10 милиони од тој кредит веќе се искористени и тоа средства искористени за поддршка на Буџетот. Другите средства од тој кредит кој и е доделен на Македонија, ќе се користат за набавка на стратешки артикли, кои во овој момент и се потребни на Македонија, дали сакаме опрема, дали сакаме репро материјали, или дали сакаме производи, кои се неопходно потребни во оваа криза во која што се наоѓа Македонија, оставено е слобода на Република Македонија, да ги бира производите кои ќе ги набавува со овој кредит под ИДА услови.

Морам да потенцирам едно прашање. Некои од говорниците кажаа дека овде ние сме ги расипале, односите со Меѓународниот монетарен фонд, односно ние сме преминале од ЕСАФ аранжман во СТЕНБАЈ аранжман. Јас морам да кажам една работа. Ние можевме како држава да продолжиме со ЕСАФ аранжманот, меѓутоа до крајот на годината да не добиеме ниту денар средства.

Меѓутоа, отидовме на СТЕНБАЈ аранжманот, затоа што СТЕНБАЈ аранжманот носи 32 милиони долари нови средства на Македонија од Меѓународниот монетарен фонд.

Затоа предлагам за да излеземе од таа криза, тоа е една огромна помош од Светската банка, тоа е кредит под идеални услови, тие кредити се даваат само за земји со кои имаат голема соработка. Ние многу не ги исполнуваме условите за кредити под ИДА услови, затоа што ние имаме бруто национален доход многу висок за да можеме да користиме такви кредити, меѓутоа нашата извонредна соработка со Светската банка беше причината да го добиеме под итно тој кредит од 50 милиони долари.

Му предлагам на Парламентот да го донесе тој закон за да се задолжи Македонија и под итно да го земеме тој кредит, затоа што Бордот на директорите на Светска банка реагираше пред да реагира Парламентот на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам за дополнителните информации на г-динот Стојменов.

Молам, дали некој друг бара збор?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, министерот се обиде да објасни која е суштината на оваа законска материја и околу суштината на законската материја нема ништо што да кажам, бидејќи не е ништо ново што се прави во оваа држава.

Мислам дека, многу се изнамачи да објасни што наследиле и што се случило во меѓувреме за да оправда едно кредитно задолжување, кое што е договорено и кое што по мое мислење е добро со оглед на условите кои што се понудени од овие меѓународни финансиски организации. Не е прв пат Македонија да користи кредит под ИДА услови и не е прв пат Македонија да користи ваков кредит за вакви потреби, за обезбедување на суровини и репро материјали по листа која што треба да се договори, меѓутоа овој пат која што листа треба да ја договори Министерството за финансии, за разлика од претходните прилики кога се користеа вакви кредити кога листата се договараше на ниво на Влада.

Јас не знам зошто се спушта нивото на договарање со Министерството за финансии и Народна банка, со оглед на тоа што потребата од суровини и репроматеријали се евидентира во повеќе министерства и таа се констатира на ниво на Влада. Така што околу тоа нема некоја новина која што се нуди.

Мое е да забележам дека во едни вакви тешки услови во кои што се наоѓаме, ова кредитно задолжување за такви намени е добредојдено, со оглед на тоа што имаме ситуација во стопанството каква што на сите нас ни е позната и која што ситуација на ваков начин се обидува да се релаксира од финансиски аспект. Околу суштината на законот толку.

Проблемот кој што беше овде кажан и со кој што сакаше да се објасни потребата околу успехот или неуспехот на донаторската конференција, тоа господа министри да си го расчистите меѓу Вас, затоа што никој од опозицијата не констатира, барем немаше таква прилика додека не се отвореше расправа овде во Парламентот, туку Вие сами во Вашите изјави некои кажавте дека е многу успешна, а некој од Вас кажа дека е фијаско. Седнете, договорете се какви изјави ќе давате и со што и со кои аргументи тие

изјави ќе ги поткрепувате. Но, да се прават спектакуларни резултати од она што таму се случуваше и да се споредува една донаторска конференција која што претходно се одржа и која што го има тој резултат, кој што го има во тоа време и да се кажува дека е 8 пати поголем тој износ, мислам дека не е во ред со оглед на тоа што мора да се види колкав е износот на средства кој што Ви се вети, која структура на извори се и по кои основи се обезбедуваат тие средства.

Господо ние во услови на една претходна година имавме аранжмани со Светска банка, со ММФ, со кои што го дополнувавме платниот биланс и ги сервисиравме обврските спрема Светска банка и ММФ. Тогаш ако ги додадевме тие кредитни аранжмани што ги имавме склучено, на тие износи кои што беа одобрени на донаторската конференција, ќе дојдевме приближно до таа сума. Така што споредувате лошо и покрај тоа што, сепак имате добра намера да обезбедите евтини извори за ублажување на оваа финансиска состојба, која што е присутна во Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, кога премиерот на Владата г-динот Георгиевски ја кажа својата програма за работа во овој Парламент, една од точките со која изразивме како пратеничка група согласување во ориентацијата на Владата во идните 4 години, беше точката каде што премиерот се заложи дека Владата ќе вложи напори во идните 4 години да го намали степенот на надворешната задолженост на Македонија.

Се разбира дека не даде никакви аргументи и мерки како тоа ќе го направи, меѓутоа на ниво на една политичка декларација, сепак го направи и несреќата отиде натаму да од тогаш до денеска се случуваат сосема обратни процеси, односно не само што степенот на Македонија не се намалува, не само што тој не се задржува на постојното ниво, туку упорно се зголемува степенот на задолженоста на Република Македонија. Дури се добива впечаток дека за оваа Влада да не постоеше Косово, тоа ќе мораше да биде измислено за да се створи алиби за одредена политика, во овој случај политика на задолжување на земјата.

Јас се согласувам дека е најлесно за било која Влада тековна, во било која држава во светот да ги реши проблемите, на тој начин што ќе се задолжи со пари за интервентен увоз, или за други потреби, за своите буџетски проблеми или за своите буџетски дефицити и да ја задолжи државата тие пари да се вратат почнувајќи во овој случај од 2009 до 2034 година. Момент во кој таа Влада сигурно нема да биде актуелна, ниту министрите во таа Влада, само ќе биде актуелна Република Македонија. Таквата политика сме сведоци и јас лично сум сведок дека долго време владее на овие простори или во оваа, или во претходната држава.

Ве уверувам дека аргументи за да се задолжи една држава секогаш се наоѓаат. Целокупниот надворешен долг на Република Македонија од нејзиното осамостојуваше е враќањето на лошите проценки за земањето на кредитите во текот на 70-десетите и 80-десетите години за времето на СФРЈ, како што и во наредниот век ќе стартуваме со враќање на кредитите за време на 90-тите години што ги земавме и како што во првите 2, 3 декади после 2010 година ќе ги враќаме најверојатно кредитите кои сега ги земаме. Значи настанува перманентно во Македонија без разлика која Влада е на сцена, настанува една политика на сериозно одложување на проблемите на грбот на иднината.

Јас знам дека парите се исклучително поволни под ИДА услови, без каматен е кредитот, се враќа после 10 години, во идните 35 години, меѓутоа тие пари еднаш ќе мора да се вратат. Денеска ги враќаме ваквите кредити од 70-тата година.

Г-дине министер Буџетот кој ни го предложивте е оптоварен со тие средства, кои сега исто така не можеме да ги вратиме. Сметам дека Владата ќе мора еднаш, не само оваа тековна Влада, меѓутоа во овој случај тековната Влада да застане на позиција дека нема да наоѓа алиби за решавање на своите тековни проблеми. Сега меѓународната положба на Македонија, особено со ова што се случува е таква да Македонија надвор од овие грантови што ги велите, поклони кои ги добива за решавање на своите платно билансни позиции, да побара кредити ќе ги добива под исклучително поволни услови. И ниедна меѓународна организација нема да рече, водете малку сметка. Ќе ги даваат тие кредити. Ние сега да одиме во неколку организации ќе ги добиеме кредитите, затоа што сега состојбата со Македонија е таква што никој нема да одбие од политички причини кредити за нас. Проблемот е дали ние еднаш ќе мислиме дека треба да проживееме, ако е криза и со кризна ситуација кај нас во економска смисла. Да не ги товариме нашите проблеми на идните генерации, односно на нашиот грб во идните 10, 20, или 30 години. Исто така сум противник на зачестената пракса во овој Парламент во последниве десетина години, која сега безмилосно продолжува, клучните закони на секоја седница да се доставуваат на дневен ред по итна постапка, на маса пред пратениците и да се бара да ги гледаме како права точка на дневен ред, без никој сериозно да може да ги проучи.

А законите за кои можеме да расправаме и по итно и не се толку битни, јас сега не можам да ги наредам кои се, не би сакал да ги наведам кои се, а ги имаме на дневниот ред по точките 17, 18 и 20, кои не можат да создадат никакви сериозни проблеми, или да решат во Република Македонија, закон за детективска приватна дејност

и т.н., ќе го гледаме во неколку фази, на него ќе одиме на комисии, ќе одиме на расправи и т.н., за да на крајот од него нема никакво фајде големо. Меѓутоа закони кои тежат 39 милиони специјални права на влечење, или 50 милиони денари американски еквивалент, ние расправаме во рок од 15 минути.

Добиваме образложение од министерот дека имаме лепеза на производи, кои можеме да ги повлечеме, а во исто време од Владата во дописот цитирам се вели дека законот во член 1 е Закон за интервентен увоз, кој ќе го склучи Македонија со ИДА и во образложението се вели кај проектот дека листата на производи за кои ќе се врши увоз е усогласена меѓу Светската банка и претставниците на Министерството за финансии, за сериозно задолжување од 50 милиони долари, кое не е инвестиционо очигледно задолжување, кое е тековен увоз. Веројатно ќе биде нешто нафта, или не знам што. Ние на крајот на краиштата и ќе гласаме веројатно незнаејќи која е листата на производи за која земаме 50 милиони долари американски кредит. Би било фер ваквите закони, јас не верувам дека се толку итни, минимум да поминат во собраниска нормална процедура и по 5 дена нема ништо толку значајно да се смени.

Второ ако веќе изгласавме, или изгласа мнозинството итност, зошто да не добиеме информации кога гласаме за задолжување од 50 милион долари, која е таа листа на производи која е усогласена со Светската банка, кои се тие увозници што ќе ги увезат производите во името на Република Македонија, во вид на интервентен увоз, како ќе се пресметува на нив трговската маржа, такви ќе бидат цените, дали се тоа листа на производи на цени кои се контролирани од Владата согласно законите на пример нафта, дали се тоа цени на производи кои на пазарот ќе ги формираат своите пазарни цени, дали се тоа производи за кои имаме резерви во Република Македонија, како што имавме, еве пред два дена случај, на прес конференција да чуеме дека имаме не продаден шеќер од 12-тина илјади тони во битолска шеќерана, а се врши интервентен увоз меѓу 5 и 10 илјади тони. Дали на пример шеќерот е во овој интервентен увоз, која е таа фирма која ќе го увезе, дали ќе одат на тендер тие, дали нема да одат на тендер, колку ќе биде разликата во цена на тој увоз.

Мислам дека стојат сериозни прашања, кои минимум треба да ги имаме кога ќе одлучуваме како што и вие господа министри сте ги имале кога сте ја носеле одлуката во Владата. На крајот на краиштата Уставот нас не овластил да го донесеме тој закон. Така што сметам дека треба прво малку повеќе да водиме сметка за информираноста на пратениците.

Второ, пратениците да водиме малку повеќе сметка, дека не треба да наоѓаме секогаш алиби за денес подобро да поминеме на сметка на утре. Мислам дека се вовлекуваме во една ситуација на магичен круг, од кој нема излез едноставно.

Претпоставувам дека 2020 година министерот за финансии, врз основа на едно десетина вакви закони кои секојдневно ни поминуваат овде, ќе мора истите чекори да ги превземе и да ги повторува. Треба еднаш да се види дека оваа држава има и поинаква ориентација во врска со ова, да се тоа барем инвестициони кредити, или нешто. Ова е интервентен увоз, кој за пет месеци ќе го нема во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Јас морам да кажам дека листата на производи кои можат да се увезат, изнесува 170 производи. Така што тоа е широка листа за која ќе одлучува Владата.

Кој ќе ги увезува тие производи пак е оставено на Владата на Република Македонија, Светската банка тоа го остава на Владата дали ќе оди преку приватни претпријатија, или други претпријатија, меѓутоа таа протежира приватни претпријатија. Така што и тука проблемот е решен.

И на крајот што е најважно, во оваа година во оваа Влада влегува со степен на задолженост од 39,4% од ЦДП од општествениот производ. До крајот на годината со сите кредити кои ќе ги земе таа Влада, а има кредити кои ќе ги зема и сите кредити кои ќе ги врати оваа Влада, степенот на задолженоста ќе падне од 39,4% на 35,1%.

Значи таа влада ќе ја раздолжува земјата оваа година, а нема да ја задолжува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлог на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, кој е за.

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

24 пратеници се воздржани.

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за проектот за ургентен увоз.

Почитувани дами и господа пратеници, со ова го испочитувавме договорот да одиме по три точки од дневниот ред од Дваесеттата седница.

Со оглед на фактот што веќе одмина и времето, а треба да дадеме и пауза  за ручек, бидејќи сте заморени јас го предлагам следново, а и доста министри заради обврски ме замолија да ја напуштат седницата.

Дали да одиме на Деветнаесеттата седница по пратеничките прашања без пауза, или ако дадеме пауза, тогаш многу доцна ќе почнеме со седницата.

Тогаш ако е можно со седницата да продолжиме утре имаат добар дел од министрите обврски, да продолжиме во петок со Деветнаесеттата седница, а утре нормално со почеток во 11,00 часот да расправаме по другите точки од Дваесеттата седница.

Тоа би било исто така едно добро решение, бидејќи и онака имаме доста точки.

Според тоа, денеска ќе прекинеме со работа, утре продолжуваме со останатите точки од Дваесеттата седница, а во петок ќе бидат пратеничките прашања.

(Седницата прекина во 17,05 часот).